# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 септември 2006 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдуладии Вејсели, Сафет Незири, Блерим Беџети, Џевдет Адеми, Рафис Арити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салију, Ајше Селмани, Фадил Сулејмани, Тахир Хани, Игор Ивановски, Кенан Хасипи, Хади Незири, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.**

Извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе. Со оглед на тоа што беше пријавен за збор вице премиерот и по Деловник секогаш треба да му се даде прво збор. Но, се откажа од дискусија.

Почитуван пријателе, почитувани дами и господа пратеници, пред нас е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон. Во основа е позитивно секој закон со кој се намалуваат давачките на граѓаните и позитивно треба да се дадат оценки до колку навистина се работи за искрени намери и навистина даночни реформи кои што беа најавувани. Уште со формирањето на новата Влада во првите најави беше дека новата Влада ќе се зафати со вистински даночни реформи во правец на намалување на давачките на граѓаните, односно намалување на даноците.

Ние како Либерално демократска партија очекувавме дека тоа навистина ќе се случи во правец онака како што беше најавувано и во Програмата на Владата и во Експозето на

премиерот, а и во Програмата на коалицијата која што победи на претходните избори. Но, само за кратко време сведоци сме дека овие најави биле еден обичен политички блеф и се извинувам на изразот, но една шминка во даночната сфера, или накратко речено од она што се случуваше во изминативе десетина, петнаесет дена од изјавите на претставниците на Владата на Република Македонија се виде дека реформите во даночната сфера завршија пред да започнат. За ова мое тврдење имам неколку аргументи кои би сакал да бидат во правец на поткрепување на ваквото тврдење, а тоа се и контрадикторните и збунувачки изјави на претставниците на Владата во изминативе петнаесетина, дваесет дена. Уште со формирањето на Владата ја имавме изјавата на господинот Трајко Славески, министер за финансии кој рече дека намалувањето на ДДВ за земјоделските репро-материјали и други кои што се предвидени во Законот е само почеток во измената на намалување на даноците. За да веднаш после тоа после можеби недела дена во едно од изданијата на "Дневник" го прочитаме интервјуто на вицџе премиерот господинот Зоран Ставрески кој што вели дека ова е единственото намалување на стапките на данокот на додадена вредност, имајќи во предвид дека данокот на додадена вредност претставува најредовен и најголем полнач на државната каса. Истото вчера на Комисијата за финансирање и буџет господинот Ставрески по однос на данокот на додадена вредност го потврди , што значи дека немаме дилеми дека повеќе барем според изјавите во Владата не планираат намалување на стапките на ДДВ.

Втората контрадикторност, или збунувачко кое што е во прилог на моето тврдење, а кое што се однесува на изјавите од претставниците на Владата е ефектот од намалувањето на данокот на додадена вредност. И затоа велам дека е политички маркетиншки потег. Ако ги погледате тврдењата на различни претставници од различни ресори во минситерствата во Владата на Република Македонија ќе го констатираме следното.

Првата изјава за да се остави најдобриот впечаток беше дека со ова се очекуваат ефекти од 5 милиони евра кои што би останале во зенјоделството. Веднаш потоа следуваше изјавата дека се 3 милиони евра за да од Струмица при посетата на министерот за земјоделие на тој регион ја чуеме изјавата дека само за Струмица добивката, ефектот од намалувањето на стапките на ДДВ земјоделците ќе ја осетат со 10 милиони евра. Мислам дека вчера ја добивме најточната бројка на Комисијата за финансирање и буџет каде што вице премиерот Зоран Ставрески според пресметките од 2005 година точно кажа дека тој

бенефит, или таа добивка би била 140 милиони денари, или 2,5 милиони евра, или помалку од 2,5 милиони евра, сега да не одиме со децимали.

Во поткрепа на оваа контрадикторност на изјавите на претставниците на Владата е и следново. Веднаш после оддржувањето на пресот на

Либерално демократската партија со кој што укажавме дека овие измени навистина не се прави измени во данокот на додадена вредност. Добро организираната шема со дел од провладиниот медиум дава изјава претставник на Владата дека имаме заштеда по 2 илијади и нешто денари по хектар на пченица. Но, бројките се немилосрдни и точно ако го земеме искажувањето на господинот Ставрески дека се 140 милиони денари заштедите, односно намалувањето на приходите во Буџетот. Македонија според некои пресметки има 110 илјади хектари засадени под пченица годишно во тие рамки се движи. Па пресметатјте ја математиката сите овие пари 140 милиони денари да одат само за пченицата, ќе испадне дека тоа не е поголемо од 1200 денари. Уште повеќе, тогаш каде се сите оние добивки кои што беа најавувани за останатите земјоделци. Ова не го кажувам за ништо друго, туку само да потврдам дека секој ден слушаме најразлични бројки кои што се контрадикторни и кои што имаат, ќе повторам уште еднаш, кои што имаат за цел да внесат забуна и да покажат дека навистина се прават големи даночни реформи. Секако дека сега некој ќе каже, дека даночните реформи ќе опфатат и други промени. За тоа ќе зборуваме ко гаќе дојдат тие измени. Јас уште кога беше изборот на Владата кажав што значат измените кои се предвидуваат за данокот на добивка и за персоналецот.

И на крајот се поставува едно прашање, зошто овие намалувања во ДДВ се предвидени само за дел од земјоделството, за дел од земјоделците, а тоа е за поледелството. Се поставува основното прашање, зошто не е предвидена ниедна мерка за намалување на ДДВ за сточарството, зошто не е предвидено намалување на најголемиот издаток за сточарите, а тоа е сточната храна, или сточното брашно.

Затоа ние од Либерално демократската партија сметаме дека сега е време за покоренити измени во Законот за данокот на додадена вредност. Тоа ќе го поткрепам со следново. Сега е време кога се изработуваат проекциите за Буџетот во 2007 година. Претстои втората рунда преговори со ММФ, со Светска банка и како што секогаш не убедуваше сегашниот премиер господинот Груевски кој што велеше, ако добро знаете да образложите и добро знаете тоа да го аргументирате, ММФ и Светската банка тоа ќе го прифатат. И затоа предлагаме сега во овој период кога претстојат преговорите со ММФ и Светска банка доколку се усвои овој закон со нашите предложени амандмани Владата да ја искористи својата умешност, своето знаење и да ги убеди ММФ и Светска банка дека треба да го исполни сето она што го вети на изборите во сферата на даночната политика. Сега е време за овие подлабоки реформи заради тоа што е постигната и фискална стабилност во Република Македонија, иако Владата сака на секој начин да прикаже дека касата е празна. Но, јас не би зборувал без факти, тоа ќе го видиме кога ќе дојде ребалансот на Буџетот, тогаш ќе можеме да зборуваме за конкретни факти, бидејки ситуацијата се знае дека во рамките на Буџетот се менува од ден на ден. Исто така, сега постои можност за измени и за усвојување на нашите амандмани заради тоа што кога се зголемија стапките на ДДВ во 2003 година во месец март имавме една состојба, со бројки сега ќе ви кажам каква беше состојбата во Буџетот. Кога имаше завршена 2002 година со 7 милијарди 334 милиони денари дефицит, кога беше укинат данокот на финансиски трансакции, или таканречениот воен данок кој што изнесуваше 6,4 милијарди денари и само по тие два основи стартувавме со 14 милијарди денари помалку во однос на претходната година. Исто така, тоа беше период кога Фондот за земјоделие имал 420 милијони денари кредит од комерцијалните банки, 309 милиони депозит само од Бирото за стокови резерви во Експорт-Импорт банка кои што видовме дека пропаднаа и период кога стапката од 19% се намали на 18% за најголемиот дел од производи кои што се ми се чини преку 80% од вкупните приходи во Буџетот по таа стапка. Затоа требаше тогаш да се изврши консолидација на Буџетот и требаше, се очекуваше со зголемувањето на ДДВ да се соберат околу милијарда и 800 милиони денари. Толку е суфицитот на Буџетот на Република Македонија од минатата година околу милијарда и 700, односно милијарда и 569 милиони денари. Што значи реално она што сега го предлагаме е и остварливо, имајки во предвид дека премиерот вети дека новиот Буџет ќе биде со дефицит од 1,5% и се откажува од набавка на мебел, автомобили, опрема. Сето тоа оди во правец дека постојат реални можности за подрастични промени во даночната сфера. Затоа Либерално демократската партија, односно пратеничката група предложи неколку амандмани за намалување на стапката на ДДВ за следните производи и услуги од 18% на 5%. Становите за живеење при првата продажба, лековите и медицинските помагала, компјутери, интернет услуги, отпадни води, отстранување и пренос на отпад, пазаришна такса на зелените пазари и апликацијата на софтвери. Намалувањето на даночната стапка за најголем дел од овие предложени кои што ние ги предложивме во вид на амандмани, имаше и ВМРО-ДПМНЕ во својата предизборна кампања, а исто така и останатите партиципиенти во коалицијата која што сега ја подржува Владата Новата социјал демократска партија и ДОМ посебно за лековите. И затоа нашата пратеничка група убедена е, ако останат на своите ветувања од предизборната кампања дека ќе ги подржат нашите амандмани. Бидејки со прифаќањето на овие амандмани ќе се обезбеди поевтинување на споменатите производи и услуги, посебно ќе заживее градежништвото и ќе се избегнат сите непријатности на кои што деновиве сме сведоци и начинот на кој што се изигрува плаќањето на данокот. Уште повеќе се надевам дека нашите амандмани ќе бидат

прифатени поаѓајки од образложениeто кое што во Законот го дава Владата на Република Македонија , а во тоа образложение се вели дека со предложените измени нема да дојде до драматично намалување на вкупните приходи од ДДВ. Значи, ако нема намалување на приходите од ДДВ како што велат од Владата, ако има штедење од непотребни трошоци како што истакна премиерот при изборот на Владата, тогаш ништо не не спречува да направиме поголеми измени во Законот за данокот на додадена вредност.

На крајот, според економските експерти на ВМРО-ДПМНЕ, постојано се повторува дека со помали даноци ќе се намали избегнувањето на плаќањето на давачките, а со тоа ќе има поголеми приходи во Буџетот.

Еве можност навистина она што се зборувало да се потврди со прифаќањето на амандманите кои ги предложи ЛДП. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор вицепремиерот господинот Зоран Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со извинување што не се јавив прв за збор заради недоразбирање, би сакал да го образложам пред вас Предлог-законот за измена на Законот на данокот на додадена вредност.

Драго ми е пред вас и пред граѓаните на Република Македонија да го претставам намалувањето на Данокот на додадена вредност за земјоделските импути и земјоделската механизација што претставува прв сегмент од комплексната даночна реформа која започнува во Република Македонија.

Тргнувајќи од оценката дека состојбата на земјоделските производители е очајно лоша, доведени се до работ на егзистенција, со овој предлог за менување на данокот на додадена вредност даваме заеднички придонес за развој и унапредување на земјоделието кое од друга страна ќе придонесе за вкупниот економски развој на Република Македонија.

Благодетите од овој Предлог преку намалување на стапката на ДДВ од 18%на 5% за најзначајните импути во земјоделството најдиректно и веднаш ќе ги почувствуваат стотици илјади семејства кои работат и живеат од земјоделството.

Би сакал да потенцирам дека сегашните решенија во Законот за данокот на додадена вредност особено ги погодуваат индивидуалните производители,а тоа е огромниот број земјоделци кои не се регистрирани за целите на данокот на додадена вредност. Со тоа на свој грб го понесуваат платениот ДДВ за набавените добра кои ги употребуваат за производствени цели без да можат да остварат поврат на истата. На нивниот грб се прекршува всушност едно од основните правила на данокот на додадена вредност, а тоа е да не го оптоварува полето на стопански активности.

Предложеното решение има за цел да ја исправи оваа состојба и да отвори перспективи за развој на земјоделството. Намалување на стапката од 18% на 5% се однесува на следните групи производи:

Семенски материјал, ѓубрива, средства за заштита на растенијата, фолии за производство во земјоделството и земјоделска механизација.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за данокот на додадена вредност се оценува дека нема да дојде до драматично намалување на вкупните приходи од ДДВ односно тоа ќе може да се надополни со зголемена наплата на овој и другите видови приходи.

Според податоците со кои располагаме од Државниот завод за статистика и Царинската управа за вкупната потрошувачка на овие групи производи, пресметката покажува дека би дошло намалување на приходите на Буџетот на годишно ниво кое се движи помеѓу 140 и 190 милиони денари во последните три години. Кумулативно тоа претставува поддршка за четиригодишен период колку што трае законот од околу десетина милиони евра.

Истовремено на економските субјекти во земјоделството, а посебно на осиромашените земјоделски семејства им се создава простор за намалување на лошите финансиски ефекти во земјоделството и постепено менување на состојбите во насока на зголемени приходи кај индивидуалните земјоделци.

Би сакал да истакнам дека предложените мерки на ниеден начин не ја нарушуваат воспоставената финансиска стабилност и фискална стабилност која успешно ја одржуваше претходната и сите други претходни влади во Република Македонија.

Со ова прво намалување на даноците во сферата на земјоделството, Владата ја почнува најавената даночна реформа, бидејќи наша определба е со ниски даноци да се оствари економски напредок. Ќе го оствариме сето она што е зацртано во Програмата на Владата во однос на даночниот систем со цел тој да стане промотор на засилената економска активност. Притоа, би сакал да истакнам дека даночната реформа за која денеска дискутираме и даночната реформа која ја предвидува Владата не застанува на овој прв чекор. Веќе од 1 јануари 2007 година ќе пристапиме кон намалување на стапките на данокот на добивка и персоналниот данок на доход. Со намалувањето ќе продолжиме и во 2008 година.

Истовремено, конкретно во сферата на земјоделството Владата во својата Програма предвидува и набрзо ќе излезе со конкретни предлози за зголемување на субвенциите и вкупната поддршка и помош за земјоделството од која корист имаат стотици, илјадници семејства и земјоделци не само оние кои се опфатени со овој закон, туку и лозари, сточари и други.

На почетокот од 2008 година очекуваме да се создадат институционални услови за почнување

на користење на средствата од предпристапната помош од Европската унија што исто така претставува поддршка за земјоделците. Значајно е што договорените реформи односно за овие први чекори, а и за натамошните кои ќе следуваат на почетокот на 2007 година веќе разговараме и добиена е поддршка од меѓународните финансиски институции. Значи, Владата ја има таа поддршка во напорите да се имплементира даночната реформа и да се продолжи со оваа реформа не само во сферата на намалување на даноците, туку и она што беше започнато и го работеше претходната влада во сферата на симплификација и подобрување на даночната администрација.

Почитувани пратеници, длабоко сум убеден дека овој предлог на Владата на Република Македонија е прифатлив за вас затоа што е прифатлив за граѓаните на Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе, јас сакам да се осврнам на неколку моменти околу она што ќе го даде како позитивно Предлогот на овој закон за целокупното население, сите наши жители кои и малку се бават со земјоделие.

Моето излагање би го почнал со тоа што би најавил дека денеска имаме можност да исправиме една неправда која е направена на земјоделците и сите оние кои по малку се бават со земјоделие, која е направена пред 3 ипол години некаде ако не се лажам на 26 март 2003 година. Тоа би го дополнил и со една изрека односно една вистина која вели Господи брани ме од пријателите затоа што од непријателите ќе се чувам сам. Значи, се наоѓаме во една состојба да се ставиме во улога на исправање на она што беше неправда спрема земјоделското население во нашата држава.

Би го продолжил моето излагање со моментот кога се случува овој Предлог-закон, а тоа се два моменти. Едниот момент е со старт на Програмта на новата Влада, на нашата Влада која зафаќа повеќе реформски чекори во сите области, а еден од првите чекори е реформата во даночниот систем и во делот на земјоделието.

Другиот момент е периодот кога непосредно сме пред сеидбата на земјоделците кои самите ќе го почувствуваат веднаш односно за месец дена. Имено, досегашното плаќање на овие главни стратешки материјали по цена повисока за 13% односно неможноста за повраќање на тие 18%, бидејќи тие како земјоделци односно земјоделски производители не можат тоа да го направат, ќе им овозможи нивниот влез да биде на старт за 13% помал.

Еден друг момент кој сакам да го кажам е тоа дека со воведувањето на овој данок односно намалувањето на стапката на овој данок ќе воведеме поголем ред во наплатата на данокот за тоа што ќе се скратат можностите на сивата економија, можностите за воведување на овие материјали нелегално во државата преку разно-разни канали, преку разно-разни системи, а во исто време и квалитетот на таквите материјали кој е неиспитан ќе биде далеку подобар и поприфатлив за самите земјоделци.

Мислам дека нема ниту една причина ние како позиција а мислам дека и опозицијата да најде ниту една причина да не го прифати овој закон, бидејќи не се само 180-те илјади земјоделски семејства, туку индиректно ќе го почувствуваме сите ние кои секојдневно ги имаме земјоделските производи дали во своите раце или на својата маса. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Јован Гинев.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата и присутни медиуми.

Потекнувам од земјоделски крај Тиквешијата каде 80% од населението се занимава со производство на грозје, овоштарство и др. Годишно во Тиквешијата се произведуваат повеќе од 80 до 120 милиони килограми грозје. Затоа голема чест е да се биде присутен денеска на оваа седница на Парламентот по точката што се однесува на земјоделството поточно измена на Законот за ДДВ за репроматеријали, заштитни средства, ѓубривата, пластичните фолии и земјоделската механизација како и семенскиот и садочниот материјал од 18% на 5%.

Можам да ви соопштам дека земјоделците од Тиквешијата и тиквешкиот регион индивидуалните лозари, овоштари, сопственици на земјоделската механизација, сопствениците на земјоделските аптеки како и земјоделските претпријатија изразуваат огромно задоволство од потегот на Владата, бидејќи ова намалување на ДДВ од 18% на 5% е во интерес на индивидуалните земјоделци јас безрезервно ќе го поддржам предлогот на Владата, бидејќи тоа го бараа земјоделците уште пред изборите, а тоа го ветувавме и на изборите.

Верувам дека е ова само еден од почетните потези на Владата во функција на развојот и поттикнување на земјоделството.

Што се однесува до амандманите од опозицијата и за други, според нив, олеснувања, мислам дека се несериозни, злонамерни и тенденциозни и се во функција на ефтин политички маркетинг. Ако тие имаат доблест и обзир за земјоделците, ние цела година пред изборите ја повикувавме Владата на СДСМ да го направи тоа намалување од 18% на 5%, но тие беа без слух за земјоделците.

Што во пракса значи намалувањето од 18% на 5% за земјоделците во Тиквешијата и за производителите на грозје?

Со ова се намалува производната цена на килограм грозје од 10, 60 дени килограм на хектар т.е. скоро 1 денар помалку или 13% од парите ќе

влезат директно во џебовите на земјоделците. Ако во Тиквешијата се произведува годишно 80 до 120 милиони килограми грозје во тој случај по 1 денар ќе ја видите сметката која треба да влезе во џебовите на индивидуалните земјоделци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Љубисав Иванов-Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Благодарам претседателе, повеќе од 40 години зборувам дека земјоделието е најважната гранка во економскиот развој во секоја земја, па и во Македонија и дека сите развиени земји во светот, најразвиените првата револуција ја направиле во областа на земјоделието. Тоа е Америка, Европа, тоа се големите економски џинови во Азија и секоја држава која држи до себе и која сака да обезбеди независност и суверенитет мора да има сопствено производство на храна. За жал, последните 15 години со политиката што ја водевме на макро и микро економски план го уништивме земјоделието. Денеска нема богат земјоделец. Денеска сите земјоделци се сиромашни освен оние кои земаа по 3-4 илјади хектари земја под концесија, па ќе видиме колку и тие ќе создадат богатство иако мислам дека државата таквите појави треба да ги разрешува.

Ова е мал чекор за човекот, но ќе се послужам со мислата на оној космонаут што беше на Месечината, голем чекор за човештвото. Мал чекор затоа што не можеме од еднаш да отидеме на големи радикални промени, но битно е, тоа никој не може да го порече, дека Владата достојно се однесува кон својата Програма која заедно со коалиционите партнери ја пласираше во јавноста на најразлични начини и тоа преку средствата за информирање, преку пишаните медиуми, преку трибини, преку митинзи и т.н.

Јас знам дека некои колеги мислат дека можевме да одиме подлабоко во тој дел, да зафатиме пошироки дејности и да решаваме пошироко проблеми, меѓутоа, во секоја работа се оди чекор по чекор и тоа внимателно.

Даночните реформи многу побрзо ќе се одвиваат во сферата на земјоделието и ќе се доградуваат, меѓутоа, во исто време оваа Влада е определена и на реформите од поширок план во фискалната политика, во реформите на данокот од добивка, во реформите на данокот на личните доходи, во придонесите кои организациите ги плаќаат по разни основи, во реформи во макроекономската политика. Тоа е широк поим, широко поле кое треба да направи од Македонија даночна оаза, а целта на тоа е постојните производители да можат да развијат успешно економско производство, а и да привлечат странски капитал не само во земјоделието, туку и пошироко за да се започнат инвестициите во областите кои можат да носат значајни профити.

Тука, веројатно Владата, не треба јас да ја советувам, таа тоа го има предвид дека овие ефекти од ослободување на данокот од 18% на 5%, ќе треба да се спречат тие ефекти да не се пренесат во трговијата. Тоа во светот е решено на тој начин што е направен ланец на поврзување од нива до супермаркет, ние сеуште тоа не сме го направиле, и во тој ланец секој да си наоѓа своето место. Развивајќи ние трговија на големо, на големи системи, практично тие и во свеотот а и праксата покажува дека тие го собираат кајмакот од земјоделието, што оваа Влада со редица на мерки треа тоа да го спречи.

Имајќи предвид дека тоа е почетен чекор за кој имам дури осет дека е прифатен од ММФ и Светската банка, ние треба да го поддржиме, треба да се радуваме, да бидеме среќни дека своите процеси ги започнуваме во правец на излез на Македонија од тешките економски состојби и во правец на спроведување на една квалитетна економска реформа.

Јас ќе гласам за овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Веле Витановски.

**Веле Витановски:** Почитуван претседателе, почитуван заменик премиер, министри, колеги во Собранието и ако ми дозволат и колегите новинари во Галеријата и во другите простории, да ги поздравам.

Дозволете ми на почетокот да го изразам моето задоволство што по комплетното конституирање на органите и телата на Парламентот, денес имаме работен старт на Законодавниот дом, по едно многу суштествено прашање и дозволете ми, ако не прозвучи апологетски, да изразам задоволство и пофалба до Владата што уште на првата седница направи крупен чекор и ни даде задоволство да расправаме по едно суштествено прашање кое, ми се чини, Ратко го оцени за историско.

Сакам да кажам дека сите потези на Владата кои одат во прилог на подобрување на условите на земјоделците и сите сегменти во општеството кои ќе наоѓаат поддршка од мене. Но, исто така сакам да кажам дека ќе бидам дел од контролните механизми во овој Законодавен дом, за другите потези за кои ќе имам свое мислење.

Дозволете ми, ако не ме разберат погрешно, да упатам и една пофалба кон опозиционите партии или дел од опозиционите партии кои со амандманска расправа најавија контруктивност во своето дејствување. Мислам дека и ние ќе бидеме конструктивни затоа што, барем јас, конструктивноста ја подразбирам како двонасочен процес.

Дозволете ми сега да дадам еден поглед кон владиниот предлог.

Мислам дека предлагачот е малку прескромен во своето образложение, во однос на намерите и очекуваните постигнувања. Формулацијата во владиниот предлог е исправање на една неправда кон 180.000 семејства, но само во делот на правото на враќање на ДДВ и дека изразуваат уверување што со овие измени се отвараат големи развојни перспективи. Јас сакам да бидам малку пооптимист одколку Владата, бидејќи како

што кажав, во овој предлог гледам и одредена историчност. Имено овој предлог отвора процес на исправање на историска непрвада многу поназад . Ако ми дозволите да потсетам на едно дело на академик Старова и како метафора и како историска тема да се вратам наназад уште од времето на козите па наваму. Знаете кое е тоа историско време. Значи неправдата е многу поголема и таа неправда збриша дел од македонските села и рурални населени места од нашата карта и никој пат не е доцна нешто да се исправи. Дури сакам да кажам дека тоа е еден од најкрупните протези од осамостојувањето на нашата земја, до денес и во овој дел да завршам дека е своевидна потврда на живототворноста и функционалноста на законот за ДДВ.

Ќе ми дозволите да кажам зошто гледам историчност на овој проект.

Со овој проект Македонија ги става сите свои ресурски во функција на развојот на државата. Имено Република Македонија скоро на 2/3 од својата територија е или обработливо земјоделско земјиште, 27%, или 670.000 хектари, или квалитетни пасишта 25% односно 635.000 хектари пасишта, плус тоа богатство од водни потенцијали, почвени и климатски предности и вредности итн. незагадени региони, како услов за здрава еколошка храна. Меѓутоа, сепак која е, како опозитна фела на ова, нашата грда реалност, сеуште земја увозник на храна, извоз од земјоделието помало од 20% и учество на земјоделското производство на создавањето на бруто домашниот производ, пониско, исто така, од 20%.

Дозволете ми да дадам некои предлози во смисла на надополнување на владиниот предлог. Немам амандман, ниту како поединец, ниту имаме засега како пратеничка група.

Од групата предлагачи што досега имаме амандмани, еден ми се допаѓа, а станува збор за соодветно намалување на пазаришната такса на зелените пазари и како што рече потпретседателот е дел од серијата земјоделски импути, а јас ќе го прифатам, иако доаѓа од опозицијата. Сите други амандмани се во функција на подобар живот и услови, но мислам дека е тоа надвор од пакетот на земјоделството и ако не ме сватат погрешно, мене барем по малку ми заличува на лицитирање и политичко додворување и мислам дека нетреба оваа тема и овој пакет на овој начин да го прошируваме.

Дозволете ми сега да кажам дека измените односно овој проект, се дел од новата економска политика на НСДП. На овој начин НСДП најдиректно ги исполнува преземените обврски пред гласачите. Дозволете ми да кажам дека НСДПдел од своите најспособни кадри ги стави во функција на унапредување на земјоделството, пред се во владините ешалони, вклучувајќи и еден од вице премиерите.

Како пратеник и носител на листата од четвртата изобрна единица или регион, сега можам да ги погледнам во очи луѓето, пријатели, од битолска Пелагонија, односно од Новаци па се до граничните области со Република Бугарија, во струмичко и да кажам дека НСДП низ овој проект ги валоризира програмските определби за општество на еднакви шанси за луѓето, хуманизација на односите меѓу луѓето, или во крајно проектирана цел, општество на благосостојба. Но, исто така ќе ми дозволите да најавам и некои следни чекори на НСДП, како дел од владината коалиција.

Прво, во најбрза фаза и време, изработка или доработка на Стратегијата за развој и поддршка на земјоделството, потоа ревидирање на Законот за земјоделско земјиште, нова транспарентна процедура и услови за концесионирање на земјоделското земјиште, нов импулс за вклучување на научно истражувачките и образовни институции, факултети и институти, вклучително и Институтот за тутун во Прилеп и Институтот за јужни земјоделски култури, во Струмица. Исто така, институционално зајакнување, со формирање на платежна агенција акредитирана во Комисијата во Брисел и согласно нашите глобални програмски ориентации, инструменти на благи интервенции во пласманот, со формирање на агро-берзи и конечно нов базичен закон за земјоделство и рурален развој на Република Македонија.

Ако ми дозволите би му предложил на предлагачот да има предвид и одреден пакет на мерки за имплементација на овој закон. Имено, за да ги постигнеме целите кои се во образложението, за кои зборуваше и потпретседателот, мислам дека Владата брзо треба да изработи пакет на дополнителни мерки на поддршка низ буџетско субвенционирање, да не зборувам за податоци, како тоа го прават соседните земји произлезени од поранешна Југославија, со стотици милиони евра, а ние не можеме да постигнеме 10, ниту толку колку што потрошивме за изборите. Понатаму, намалувањето на зафаќањето да го компензира со поголема ефикасност во собриањето на даноците, бидејќи и тоа е даночна реформа и драго ми е што за тоа зборуваше потпретседателот на Владата. Понатаму, своите механизми, пред се инспекциите, да ги стави во функција на сузбивање на нелојалната конкуренција и да и отвори војна на зелената мафија и во својата политика да ги впрегне сите комплентарни чинители во општетството, пред се банкарството, низ нова кредитна политика да доаѓаме до поволни услови за кредитирање.

На крај дозволете да кажам зошто ќе гласам и ќе го поддржам законот односно измените.

Генерално се отвора процес на редефинирање на улогата на државата во секторот на земјоделието и руралниот развој. Пакетот е дел од легислативата за имплементација на ЕУ стандардите, е прилог во подготовка на аграрниот сектор за влез во Европската Унија и користење на предпристапните фондови, за што зборуваше потпретседателот и не би се задржувал

поопширно. И конечно затоа што прашањето за намалување на ДДВ за земјоделската механизација и заштитните средства, според мене и во предизборната кампања и во кампањата, а и сега, постигнува еден редок општ политички консензус на кого, можеби, му се слични само оние што ги постигнавме за наше приближување кон НАТО и Европската Унија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Марјан Додовски.

**Марјан Додовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

На почетокот би сакал да истакнам дека е добро што македонското Собрание, првиот закон што го разгледува во овој нов парламентарен состав, како една од главните теми за дискусија ќе ги има проблемите на земјоделците односно состојбите во земјоделието, а сето тоа поврзано во сферата на даноците.

Состојбите со македонското земјоделие и живеењето и функционирањето на македонскиот земјоделец, слободно можеме да констатираме дека овој период во Република Македонија и во изминатите 4 години, навистина е многу тешко и на најниски гранки. Проблемите со откупните цени, пласманот на земјоделските производи, сето тоа ни укажуваше дека македонскиот земјоделец одвај преживува. За ова дека е најголата вистина сведочат напуштените македонски села и необработените македонски ниви, голем број на исфрлени земјоделски производи, а се од едноставна причина, лошо водена земјоделска политика во Република Македонија.

Како ВМРО-Народна партија и како носител на листата во третата изборна единица која во најголем дел е аграрна, имавме можност да живееме секој ден со македонскиот земјоделец и на некој начин да ги делиме нивните размислувања и нивните проблеми со кои се соочуваа.

За поздравување се предлозите кои ги даде Владата во однос на намалување на даночната стапка на ДДВ, за дел од она што се нарекува во рамките на земјоделието. Меѓутоа, јас би истакнал една многу важна поента, а тоа е дека воглавно се работи за враќање на повластената стапка на ДДВ од 18% на 5%,значи една стапка која во одреден временски период беше присутна во македонското земјоделие и македонскиот земјоделец можеше да ја ужива, токму во периодот до 2002 година и на некој начин тоа беше период каде македонскиот земјоделец имаше реална можност и да ја обработува својата земја и да ги пласира своите земјоделски производи. Тоа беше период кога земјоделецот имаше навистина достоинство. Сега сето тоа е изгубено. Во тој правец јас би предложил, до претставникот на Владата, во делот на оној список на се она што треба да влезе во намалување на даночната стапка од 18% на 5%, да се вградат уште неколку наши предлози, а тоа е добиточната храна и компоненти за добивање на добиточна храна, понатаму крупен и ситен добиток од квалитетни раси, со докажано потекло, семе, оплодени јајца, клетки и ембриони, машки и женски хибридни пилиња, ветеринарни лекови, вакцини и серуми за употреба во ветеринарната медицина, средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација, ветеринарни услуги, пред се во терапии и превенции на болестите кај домашните животни, понатаму, системите за наводнување капка по капка и шумско селекционирано семе и посадочен материјал.

Би сакал да потенцирам дека со овој предлог ќе се овозможи стимулација, пред се поттикнување и развој на земјоделското производство и воопшто за развој на земјоделието во Република Македонија.

Овој предлог за ВМРО-Народна партија во основа има три компоненти и тоа: стимулативна, поттикнувачка и развојна. Со тоа сметаме дека ќе се овозможи поефтино земјоделско производство и ќе послужи како стимуланс на веќе постоечките земјоделци кои постојат, како што знаеме, во бројка од 180 илјади во Република Македонија.

Ваквото проширување на производството и полупроизводите кои се употребуваат и воедно го опфаќа земјоделството, сметаме дека ќе се постигне далеку поконкурентно земјоделско производство, а воедно и поголема заинтересираност за вршење на оваа дејност на веќе постоечките земјоделци.

Како поттикнувачка компонента сметаме дека истата се огледува во фактот дека поголем дел од работоспособното население во Република Македонија кое е невработено, со своја или со помош на стручни лица, би можело да почне да ја обавува земјоделската дејност како негова претежна дејност, со кое нешто би се намалила и невработеноста во Република Македонија. Со ова би се поттикнал развојот и оживувањето на напуштените селски и рурални подрачја.

Значајно е да се напомене и развојната компонента на овој предлог, бидејќи истата оди кон поголем техничко-технолошки развој на земјоделството, како гранка со што ќе дојде до поефтинување на земјоделските, а воедно до зголемување на извозот на истата, како и негово поефтинување. Тука пред се се мисли на извозот на готови земјоделски производи со што би се остварил значителен девизен прилив и воедно би се подобрила и конкуренцијата на нашите земјоделски производи на странските високо стандардизирани пазари.

Добиточната храна и компонентите за нејзино добивање, сметаме дека задолжително треба да влезат во оваа група на производство со повластена даночна стапка затоа што со самото сточарско производство, сточната храна учествува со 70% во цената на финалниот производ, што ќе придонесе за намалување на цената што ја плаќа и крајниот корисник, значи

потрошувачот, а знаете, тоа се месото, јајцата, млекото и млечните производи.

Понатаму добитокот, како крупен така и ситен, од квалитетни раси со докажано потекло кое ќе биде строго контролирано од страна на државата преку разни стручни служби како што се ветеринарни и земјоделски инспекции и слично, ќе придонесе за високо и квалитетно оформување на истиот, а со негово поевтинување ќе дојде и до зголемување на сточниот фонд во Републиката кој е посебен и ни од далеку не ги задоволува потребите како внатре во државата, така и за извоз.

При зголемување на сточниот фонд сметаме дека ќе се зголеми извозот на добитокот кој досега забележува минимално ниво а со кое нешто би се остварил значителен девизен прилив.

За побрзо расовно преобразување на веќе постоечките автохтони раси ќе се подобри нивниот генетски потенцијал, а со тоа ќе се зголеми и производниот потенцијал на производи од млеко и месо доколку и нивните семиња, оплодените јајце клетни, ембриони се ставаат во повластена даночна стапка и со кое нешто самиот добиток и неговите крајни производи стануваат поефтини и поефектни од единица производ.

Во делот на ветеринарните лекови, вакцините и серумните што се употребуваат во ветеринарната медицина исто така сметаме дека треба да влезат во групата на производи со повластена даночна стапка, затоа што со нивното поефтинување се овозможува лесен поедноставен пристап до нив, редовно користење на истите со што ќе се овозможи помала смртност кај стоката и добитокот, но и поздрава и посигурна храна која е наменета за човекот.

Секако тука треба да се спомене и хемиските средства за дизинфекција, дизинсекција и дератизација кои со нивното поефтинување веднаш стануваат попристапни за набавка од страна на земјоделците, а тие пак редовно ќе ги употребуваат за заштита на просториите, пред се се мисли на шталите, на грлата и слично со што ќе се овозможи поголема хигиена на истите и заштита од разни штетни влијанија.

Би потенцирал дека ветеринарните услуги за терапија и превенција на болестите кај домашните животни кои при секоја инвервенција од страна на ветеринарниот лекар се наплаќа 18% ДДВ и повторно нови 18% за ветеринарен лек или вкупно земјоделецот сопственик на домашно животно плаќа 36% ДДВ. Заклучокот што? Со намалувањето на ДДВод 36 на 10%, во таква ситуација и земјоделците ќе овозможуваат редовна контрола на домашните животни и добитокот, а со тоа како резултат ќе се добијат здрава храна, животна средина, како и спречување и контрола на зоонозите.

Во една ваква ситуација земјоделецот секогаш очекува што го чека крајниот момент, а животното да биде целосно разболено, пред умирање пред да се побара помош од ветеринар, а тоа е само од економска гледна точка.

Би го истакнал и делот на системот за наводнување капка по капка, нешто што во цел свет и во сите високо развиени аграрни земји го практикуваат, не гледам зошто не би било вклучена и во оваа стапка на намалување, затоа што тоа на некој начин ни овозможува штедење на водата и поздраво земјоделско производство.

Значи, ова е она што како предлог го доставуваме до Владата, Владата може амандмански да реагира во делот на амандманската расправа и веруваме дека со овој наш предлог ќе имаме едно целосно и комплетно заокружување во делот на намалување на даночната стапка во однос на земјоделството односно земјоделските производи и на тој начин целосно може да се поддржи и да се помогне македонскиот земјоделец.

Верувам, дека со еден ваков интегрален пристап ќе можеме да го вратиме достоинството на македонскиот земјоделец и повторно да говориме за развојот на македонското село. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Има збор господинот Благој Зашов.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Господине претседателе, господа министри господа пратеници.

Ова е мој прв настап од Собраниската говорница и затоа ја користам приликата да им заблагодарам на сите оние кои гласаа за мене и за Нова Социјалдемократска партија во третата изборна единица. Посебно им благодарам на гласачите од Кочани од каде потекнувам.

На колегите од Собранието им пожелуам аргументирано конфронтирање, меѓусебно почитување и помалку агресивност во настапот без разлика на тоа дали им се допаѓаат предлозите или не на политичките противници.

А сега за конкретната точка од дневниот ред.

Најавата за измена на законот за додадена вредност со која што ќе се намали основицата за пресметување на овој данок за репроматеријалите во земјоделието ја постигна целта од две причини.

Прво, земјоделците се категорија на населенија во Македонија кои заедно со стечајците се најпогодени од транзицијата во нашата земја. Тие го изгубија големиот југословенски пазар и имаат проблеми со пласманот на своите производи. Но, тоа не е нивниот единствен проблем. Цената на чинењето на нивните производи многу се зголеми особено во последните три-четири години, затоа што цените на репроматеријалите се покачија за три пати. Така на пример една вреќа вештачко ѓубриво од 36о денари се покачи на 1020 денари. Ист е случајот и со другите репроматеријали.

Разговарајќи со земјоделците од овчеполието во текот на кампањата за нивните проблеми им ветив дека ќе предложам намалување на ДДВ од 18 на 5% за репроматеријалите. Тоа е она што го најави новата Влада на првата седница, а еве сега имаме и конкретен законски предлог за исполнување на споменатото ветување.

Да потсетам дека еден од предлозите на НСДП за новата владина политика беше токму и олеснувањето на животот на земјоделците.

Втора работа што треба да се каже во конкретниот случај е дали репроматеријалите во земјоделието мора да бидат толку скапи колку што се зашто нивното трипатно зголемување не е резулатат само на високата стапка на ДДВ. Треба да се види дали некој има монопол на увозот на овие репроматеријали и дали државата може нешто да стори за да се увезуваат поефтини репроматеријали за земјоделското производство, но се разбира и да го задоволуваат потребниот квалитет. Исто така, со право од средствата за јавно информирање беше изнесена опасноста увозниците и дистрибутерите на репроматеријалите во земјоделието, да ја искористат ситуацијата и намалувањето на ДДВ со усвојување на предлогот за кој дискутираме да не влијае на намалување на цени.

Владата има право да очекува од нив и тие да направат напор и самите да учествуваат со определен процент на намалување на цените на репроматеријали. На тој начин земјоделците ги купуваат повеќе репроматеријали на пример вештачко ѓубриво и со нивната употреба ќе се зголемат приноси.

Земјоделците имаат и други проблеми за кои ова Собрание може и мора да дискутира, а Владата да донесе и други мерки за олеснување на животот на оваа категорија на население, за производство на поголемо колижество на земјоделски производи за задоволување на потребите на населението и за извоз. Тука пред се е потребата за стимулации, за производство на определени земјоделски производи, нивен откуп и помагање при извозо агроберза и слично. Успешноста на една Влада се цени според резултатите што треба да се добијат веднаш. Ситуацијата е таква што нема време за чекање. Затоа ја поттикнувам Владата вакви предлози, како овој за ДДВ во земјоделието да подготви и во другите области и да ги достави до Собранието за усвојување.

Се разбира дека се не може да се реши со намалување на данокот.Напротив, некои даноци треба и да се зголемат, но најважно е секој оној што е обврзник на данок истиот навреме да го плаќа. Тука е и прашањето за големите неплаќачи на данок кои должат големи суми на државата.

На крајот би сакал да кажам дека ќе гласам за узвојување а предлогот за изменување и дополнување на Законот за ДДВ во точките 4, 5, 6, 7 и 8 од членот 10 став 1 од Постојниот закон. Притоа сакам да напоменам дека ова ќе го сторам не само затоа што во конкретниот случај го поддржувам Владиниот предлог како пратеник од НСДП, која е коалиционен партнер во Владата, туку, затоа што тој се совпаѓа со она што го говореа кандидатите за пратеници на НСДП за време на изборната кампања, со она што јас говорев во Овчеполските и Кочанските села ветувајќи им на земјоделците дека по изборите на Собранието ќе предложам намалување на стапката на ДДВ за репродукциони материјали во земјоделието.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Има збор пратеникот Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам господине претседателе, уважени колеги пратеници.

Се надевам дека ова беше една од првите економски мерки кои новата Влада нема да заврши тука со партиски, политички, популистички методи, се надевам дека ова ќе биде една од клучните мерки која е дел од нивната програма, особено во делот на земјоделието, која ја имаше ВМРО ДПМНЕ, но бидејќи и во нашата програма на ВМРО Народна патија беше една од клучните мерки која ја имавме зацртано како партија, значи намалувањето на ДДВ на репроматеријалите во зејоделието, како и во здравството и ред други од 18 на 5% е во согласност со она што после пледијето премиерот го кажа дека ќе биде една сериозна мерка карактеристична за современите развојно ориентирани аграрни политики. Затоа велам дека е ова добар чекор, особено бидејќи доаѓам од третата изборна единица каде што навистина севкупниот дел од населението е земјоелско, таму имаме ориз, таму имаме аграр, таму имаме особено делови со градинарски култури, таму имаме градинарски култури кои особено во овој момент ќе имаме поважен добит од намалувањето на ДДВ, особено во делот на градинарските култури на компирот, доматот, пиперот и бостанот. Сосема се согласувам со прдупредувањата на господинот Најдовски дека многу помалку ќе биде во однос на житните култури, но како и да е ова е мерка која треба да се поздрави како почетна и прва на новата Влада.

Не само ова што ќе влијае сериозно на развојот на агрокомплексот преку намалување натрошоците односно на чинењето на земјоделските производи, се разбира дека во истиот миг на севкупниот пазар на зголемувње на конкурентноста на земјоделските прехранбени производи ќе имаме една нова сриозна трка.

Досега што се случуваше во овој сектор. Имавме сериозни поместувања во агроиндустрискиот сектор, така што правните лица односно таканаречен сектор на правни лица за неопходните репроматеријали беа обврзани да платат ДДВ од 18% и иститe имаа обврска за подоцнежно враќање, но кај поголемиот дел односно индивидуалниот сектор, сектор на физички индивидуалец, посебен, сам индивидуалец, сам земјоделец кој учествува директно со производството на земјоделието од 80% од вкупното земјоделско производство нема можност за враќање на средства од страна на даночниот орган. Се разбира дека таа мерка тогаш се одразуваше негативно врз процесот на репродукција и тоа беше сериозно особено во примарното земјоделско производство. Зошто го велам тоа? Затоа што имаме градинарски садници каде што репродуктивниот процес трае и

по неколку години. Сосема е нормално и индвидуалниот, индивидуалецот, земјоделецот да на знае со каков добит на крајот од градинарските култури ќе заврши. Ми сечини дека оваа мерка од 5% ДДВ ќе има поволно влијание и на ликвидноста на агрокомплексот, намалување на обврските на производствените субјекти при набавка на земјоделската опрема и кон репроматеријалите, а конечно би требало да видиме дека по еден извесен период ќе имаме подобрување и во квантитетот и во квалитетот на земјоделското производство, односно поголем финансиски ефект. Она што деновиве го добиваме од ММФ е дека Буџетот ќе биде намален за околу три милиони евра, но она што дел од Влдините претставници не ни помогнаа за денешната дискусија и имам сериозна забелешка во тоа,а тоа е следното: какви се финансиските добробити кај житните култури, што имаме добровит кај градинарските култури итн. Се обидов во овие неколку дена, она што го допре господинот Најдовски, да видиме каков е тој финансиски ефект кај житните и градинарските култури. Затоа се обраќам во овој момент, особено на третата и четвртата изборна единица, во оној дел на земјоделците кои што навистина беа сериозно загрижени во изминатиот период, ако просечните производни трошоци на единица површина кај житните култури изнесуваат околу 33 илјади денари по хектар, до сега репроматеријалите учествуваат со околу 14.420 илјади денари по хектар. Трошоците за репроматеријалите кои подлежат на намалена даночна стапка од 5% ќе се намалат во просек од 1590 денари по хектар односно сега зборуваме за она што Министерството за земјоделие го има како сериозен параметер. Односно ако во Македонија имаме вкупно површина пченица, јачмен, пченка и ориз околу 200 илјади хектари за околу 311,5 милиони денари изразено во евра тоа значи повеќе од 500 милиони евра, што не е бројка за занемарување.

Кај пченицата која опфаќа површина околу 100 илјади хектари, вкупните трошоци ќе се намалат околу 158,9 милиони денари, кај јачменот за околу 81 милион денари, кај пченката за околу 66,7 милиони денари и кај оризот имаме најмалку, тоа е 4,9 милиони денари. Јас се надевам ека после ова новата Влада ќе има сериозно ангажирање околу тоа дали оризот ќе се откупува по едно евро или по половина евро.

Првичните согледувања за поважните градинарски култури, односно компирот доматот, пиперката и бостанот се очекува да бидат поголеми во споредба со намалувањето на производните трошоци кај житните култури и ми се чини дека тоа е важно да алудираме овде како сериозен апел од деншната економска мерка, која се надевам дека ќе ја донесеме. Зошто? Заради тоа што градинарските култури имаат различен начин, различен асортиман, различен вид на производство кај градинарските култури и во зависност од тоа дали производството се одвива, каде е проблемот од ефикасноста на мерката, дали се одвива во затворен дел, или во отворен дел на просторија односно дали се тоа пластеници или стакленици. По единица површина во просек за овој тип на градинарски култури би имале заштеда кај земјоделските производители од околу 2500 денари по хектар односно пет илјади денари по хектар. Во овој миг, тоа не излгеда многу, но на единица хектар поголеми навистина кај оние компании, кај оние приватни стопанственици кои имаа засадено тоа би изгледано доста поголемо.

Јас би сакала да се обратам и кон влијанието на намалувањето на ДДВ од 18 на 5% кај вкупните трошоци за средства за заштита на поледелството и градинарството. Тука имаме зависност од ефектот и употребата на заштитните средства и тој е значителен во однос на начинот на одгледување и повторно од видот накултурите и на вкупната обработлива површина на која се одгледуваат овие култури од околу, повторно велам дека овие податоци се земени од Министерството за земјоделие, значи за 300 илјади хектари се оценува дека намалувањето ќе изнесува од 180 до 190 милиони денари. Апсолутно во овој вид влегуваат видот на средствата на заштита, дали се тоа фундицити, хербрицити, инсектоциди итн. И она што ми се чини дека е најзначајно а тоа е овоштарството и лозарството, првичните согледувања укажуваат дека од вкупниот финансиски ефект тие изнесуваат некаде околу 152,91 милион денари во процесот на производство. Па, ве молам, размислете за сите оние компании кои произведуваат градинарски култури, лозја, кои произведуваат вино навистина овој ефект е значително голем и треба да го поздравиме.

Во лозарството на единица површина производни трошоци ќе се намалат за околу 3 илјади денари по хектар, 3,051 или на вкупна површина под лозови насади ако во Македонија ги имаме од 27 илјади хектари тоа ќе биде за околу 82,38 милиони денари.

Конечно, со оваа мерка, ми се чини дека најмногу резултати ќе се очекуваат од овоштарството. Со намалување на производните трошоци за производство, ќе имаме околу 3.700 денари по хектар, или на вкупна површина од околу 19.000 хектари, за околу 53 милиони денари. Тука веројатно влегува оној дел на праски, на грозје и така натаму. Ми се чини дека особено, во тој дел на овошјето и така натаму.

На крајот би сакала да кажам дека би била незавршена оваа мерка, би била некомплетна, доколку она што ВМРО-Народна партија го понуди како заклучок, а не како амандман да има еден завршен ефект, доколку би сакале да има една длабока, крупна последица во земјоделието.

Инаку, во оној дел на финансискиот ефект во овоштарството, мислам дека конечно се однесува за јаболката, од преспанскиот дел, за сливите, вишните и праските, кои особено, и во четвртата и во третата изборна единица ги имаме во големи

насади, мислам дека во овој дел ќе има најголем финансиски ефект.

ВМРО-Народна партија ја поздравува оваа мерка и ќе гласа за неа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Миле Пачемски.

**Миле Пачемски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас доаѓам од Малешевијата каде што голем процент од луѓето се занимаваат со земјоделие, што е тема на ова денешна седница. Затоа чувствувам кај мене одговорност да кажам неколку зборови во однос на овие измени на Законот за ДДВ, што се однесуваат токму на земјоделците.

Малешевијата како специфично подрачје со своите богатства што ги има со квалитетна почва, изобилува со низа земјоделски производи кои се еколошки чисти и здрави. Преку мојата професија ја имам таа чест секојдневно да се среќавам со луѓето кои се занимаваат со професијата земјоделие, да ги видам нивните груби и измачени раце, да ги видам нивните збрчкани чела од ова наше сонце и навистина, со овие луѓе сочуствувам, со нивната мака и со нивните проблеми што се јавуваат и затоа кај мене чуствувам задоволство што можам што можам да придонесам на овие луѓе да имаат подобар живот и поквалитетна егзистенција.

Би сакал да кажам само неколку примери, кои се однесуваат токму за овие измени во Законот за ДДВ. Пред неколку денови постоеше во цела Република Македонија акција, која што велеше: "Биди или стани земјоделец". Во тоа време, во општина Берово со тие законски олеснувања према земјоделците имаше регистрирано точно 57 земјоделци. Меѓутоа, после година, откога овие привилегии се укинаа, бројот веднаш на тие земјоделци се намали од 57 на 21. Дека ние навистина како власт и како Парламент можеме да влијаеме во интерес на сите граѓани, а сега на земјоделците, би кажал еден пример, што се случи пред две години токму во Македонија, односно во Малешевијата. Пред две години, сега незнам кој, сигурно дека власта во тоа време донесе одлука да се увезе компир од Романија и од Србија. Компир кој се продаваше на нашите пазари по 6 денари, иако тој компир беше понеквалитетен од македонскиот, пред се од оној компир што се произведува во Малешевијата, нашиот компир остануваше во подрумите на нашите земјоделски производители. Знам дека во тоа време кога навистина имаше пласман за тој компир луѓето беа принудени да го фрлат, или повторно да го садат по нивите. Во едно семејство имаше преку 40 декари, можеби и 50 кој што беше саден како семе, значи понеквалитетен компир. Понатаму, во следниве неколку дена тој компир се продаваше како сточна храна по цена која што беше под секоја чест, за два до три денари по килограм.

Затоа, на крајот би сакал да кажам од овие примери и од моето искуство дека навистина ми е чест и задоволство што можам да гласам за овие измени во овој закон за ДДВ за намалување од 18 на 5%.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе, ќе се потрудам да бидам краток во моето излагање. Исто така и Демократската партија на Албанците, сме се согласиле генерално да го поддржиме намалувањето на ДДВ од 18 на 5% во однос на земјоделците.

Како што знае целата јавност во изминатите 4 години, најпогодени беа земјоделците каде на разен начин беа погодени и никако да ја зголемат нивната креативност на нивните земјоделски производи, на нивното работење, бидејќи беа задушени од едно исклучиелно слабо управување во однос на земјоделството.

Јас можеби, ќе бидам малку селективен, иако ова е едно општо благо, но кај нас Албанците, иако имавме министер од редовите на една албанска партија на практичен начин земјоделците Албанци немале комуникација со Миниството и институциите да ги зголемат земјоделските производи и нивното работење. Јас ќе се потрудам да им објаснам на земјоделците Албанци од Скопско, од Љуботен, од општина Арачиново на земјоделците од Полошко, на земјоделците од Пелагонија, од Долнени и така натаму дека треба тие да бидат поорганизирани во здруженија, како што се земјоделците од Источна Македонија и Централна Македонија, каде на практичен начин ги артикулираат нивните земјоделски интереси и го зголемуваат нивниот интерес за работа. Додека земјоделците кои ги спомнав претходно ќе им порачам да развиваат подобра комуникација со Министерството за земјоделство и со нас пратениците и со извршната структура која ја воспостави ДПА на профитабилен начин да се имплементира овој закон, каде се врши олеснување на нивното работење и им се олеснува да дишат послободно и да ги купуваат невните земјоделски производи и да произведуваат што повеќе земјоделски производи, нешто што треба да се поздрави од сите нас, што е поздравено и претходно и уште еднаш ДПА го поддржува овој закон и цениме дека овој закон ќе биде еден закон кој навистина ќе ја зголеми активноста и креативноста на земјоделците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Зоран Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, сакам да искажам задоволство од овој предлог за измена на Законот за ДДВ, што го дава новата Влада, бидејќи е радикален и јасен, но сакам да кажам да не се запре на ова, бидејќи Македонија во делот на земјоделието има големи потенцијали, има многу заостанато и има многу обврски кои ги има превземено со Договорот за стабилизацијас и асоцијација, на прилагодување на нашето

земјоделство кон европските стандарди. И уште повеќе Македонија како членка на Светската трговска организација има релативно малку простор, да кажам десетина години одредени субвенционални мерки кои може да ги применува. Затоа, секој ден, секоја одлука на Владата треба да биде во насока на подобрување на условите на земјоделието. Дека е тоа така подразбира можност на одредување на приоритети. Владата треба да се охрабри да направи нешто повеќе за другите трошковни категории во земјоделието, како што е на пример горивото. Ние слушаме дека денеска поефтинело горивото, но никој во структурата на горивото не гледа дека заради методологијата и можеби влијанието на поедини интересни групи во државата Регулаторната комисија го намалува бензинот за 4 денари, а дизелот, мазутот и другите за 2, 2,5 денари, со што, директно влијае на трошоците во земјоделието. Затоа мислам дека Владата треба да отвори тука голем простор веднаш да им помогне на земјоделците. Да потсетам, Кипар влезе во ЕУ и последниот ден субвенционираше 10% намалено гориво, односно мазут, или дизел и 10% дури и струја. Кога ја спомнав струјата, Македонија заради некои други приоритети да отвори стари фабрики се прифати на непазарно однесување со електричната енергија, па на Фени, Југохром и други капацитети им даде повластена струја, која не е пазарно фундирана. Денеска никелот е 33 илјади долари по тон. Ние сега на една приватна компанија сите граѓани и субвенционираме. Владата треба веднаш да го отвори тоа прашање околу снабдувањето со електричната енергија на големите потрошувачи и ова што граѓаните го плаќаат да го пренасочи да им го даде на земјоделците. Значи, таму да биде поефтина енергијата за да може да се развива земјоделството. Тоа не е на штета на никого. Некоја влада со некој друг приоритет поинаку размислувала, или пак берзите поинаку реагирале. Владата треба да биде дневно ангажирана на овие прашања и веднаш да превземе мерки кои ќе бидат во функција. Земјоделството е единствена гранка која може и краткорочно и долгорочно да не извлече од криза. значи, со целосна поддршка сите сме на пат да ја подобриме економската состојба во државата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Сосема накратко сакам да кажам сакам да дадам многу силна поддршка на овој закон од мое лично име и од името на ДОМ, затоа што овој е еден многу полезен закон и овој е убав начин како се покажува дека она што е ветено, потоа веднаш преку законодавната власт може и да се исполни, така што ваквиот начин на работа доколку продолжи, Владата верувам дека ќе побуди уште повеќе поддршка и уште повеќе надеж кај граѓаните дека работите во Македонија можат на еден прилично едноставен начин да се менуваат, се разбира доколку Владата има чесни намери, доколку ветеното го спроведува во дело, како што беше случајот со оваа мерка.

Сакам да истакнам само две нешта во врска со оаа проблематика. Земјоделството е поле каде што може многу работи да се иновираат, затоа што со години беше потполно заборавено и запуштено. Земјоделието е поле каде што може покрај вакви зелени мерки да се дополни уште со неколку други мерки, кои што ќе делуваат стимулативно луѓето да се занимаваат со него, но треба да се има наум и три нешта.

Прво, треба да се има на ум современ начин на земјоделие, значи да се обрне поголемо внимание на едукација на земјоделците. Притоа, добро би било да се размисли за одредено организирано спроведување на едукација во полза на тоа што значи современ начин, интензивен начин на производство, што значи користење на современи сорти земјоделски производи, современ начин на производство и современ пласман на производите.

Значи, во поглед на едукацијата можеби треба да се размисли за вистинско ангажирање на Агенцијата за развој на земјоделието со седиште во Битола, која што со години е така да речам поискористена, затоа што нема и вистинска изворна поддршка од страна на Владата. Тоа е првата работа. Едукацијата мислам дека е извонредено важна работа, што мора да дојде до спрега помеѓу земјоделците, извршната власт и експертската јавност во земјата.

Втора работа, што сакам да потсетам, тоа е целосно искористување на земјоделското земјиште. Ние во Македонија имаме недозволиво многу неискористено земјоделско земјиште и тоа се должи пред се, на необмислена аграрна политика, така што ова е исто едно поле за кое што Влдата може да покаже долгорочно размислување, стратешко планирање и да излезе во пресрет на потребите на граѓаните и на земјата.

Трета работа која што сакам да ја истакнам, тоа е отворање кон некои нови работи во земјоделието. Во случајот, би сакала да го спомнам терминот биогорива. Биогоривата имаат двократна корист за земјата. Од една страна, тоа е можност да се искористат оние земјоделски производи кои што се еден вид нус производи, кои не се производи од прва или втора класа и што можат да служат за прехранбена индустрија и кои што најчесто се фрлаат и се третираат како отпад. Меѓутоа, секое органско производство може да биде основа за производство на био горива, така што во таа смисла, во светот веќе се повеќе се инвестира во такви постројки кои што можеби чини на почетокот одредена инвестиција, меѓутоа, потоа е неколкукратно исплатливо. Значи, за биогоривата сакам да потсетам затоа што тоа е можност да се исползува севкупното земјоделско производство

од една страна, да не оди како отпад, туку да даде еден производ кој што ќе има вградена ведност и понатаму ќе биде пласирано по многу повисока цена.

И второ, биогоривата да се како можност за заштита во поглед на другите горива, затоа што се во крајна линија поефтини.

И трето, затоа што со тие на тој начин се придонесува за подигање на нивото на животната средина во нашата земја.

Само да потсетам, биогоривата се и наша обврска, затоа што со една директива на ЕУ сите земји се обврзани до 2010 година, 7 до 8% од вкупните горива да ги заменат со биогорива, така што, добро ќе биде, доколку Македонија се приклучи кон тие промени и процеси кои што сега се одвиваат и во други развиени европски земји и да се обидеме, било тоа да е со наши сили, било да е со помош на некои инвеститори да ја развиеме индустријата на биогорива.

Во таа насока, би апелирала до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви законска регулатива за производство и користење на биогорива. Тоа е цел пакет од регулативи кој што треба да биде применет. Знам дека таква регулатива веќе има кај нашиот сосед Бугарија, имаат и многу други земји во Европа и ја прилагодуваат, така што добро би било да се види искуството и од оние земји кои што ја применуваат и од оние кои што сега штотуку ја примениле, а се во слична состојба како нас и излегуваат од сличен систем како нашиот, за да можеме и ние да го фатиме овој воз. Со тоа давам силна поддршка на овој закон и во иднина ќе поддржуваме слични мерки во оваа насока за унапредување на земјоделието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани дами и господа,

Посебно ме радува што на денешната расправа имаме доста дискутанти за земјоделието. Ова е од особен интерес за една структура на луѓе кои се едни од најнапатените во Република Македонија.

Меѓутоа дали со овие измени на Законот за додадена вредност ќе се решат и нивните проблеми. Секако овој бенефит кој што го добиваат земјоделците ќе биде од особена корист за нив. Меѓутоа и од претходните дискусии и сега никој не расправаше за тоа колкав ќе биде бенефитот на самите земјоделски семејства. Рековме дека има 180 илјади земјоделски семејства во Република Македонија и дека намалувањето на ставката ќе изнесува некаде од 140 милиони денари до 190 милиони денари или ако пресметаме тоа е бројка некаде од околу 800 денари по семејство. Дали 800 денари ќе бидат доволни за едно земјоделско семејство и дали се доволни да ги рачунаме како бенефит. Сметам дека со ставките кои што се наменети за намалување на ДДВ ќе допринесат само за збогатување на трговците, а не на земјоделците.

Без разлика на се јас ќе го поддржам Предлог законот за намалување на ДДВ, бидејќи тоа ќе биде една доволна корист за земјоделците во Република Македонија. Меѓутоа, ако направиме само една паралела околу тоа колку ќе биде бенефитот на земјоделците доколку дизел горивото во Република Македонија или така наречено на запад гренуел се намали од 18 на 5%. Сметам дека бенефитот на земјоделците ќе биде дупло поголем во однос на овој кој што го нуди Владата на Република Македонија. Само за илустрација да ви кажам дека нафтата по цената на производот влегува со 50%, а тука зборуваме за бенефит кој што ќе излеземе и маркетиншки да го покрепиме дека на земјоделецот му е направено многу а фактички за земјоделецот не е направено ништо.

Затоа, предлагам и до претставниците на Владата да ја разгледаат можноста за намалување ДДВ на нафтата, особено на дизел горивото или воведување на некои бонови или други мерки кои што ќе ги користат земјоделците. Доколку во овој момент имаме намалување на цената на нафтата односно на ДДВ на нафтата, тогаш сите овие ставки за намалување на ДДВ се минормни, дури и занемарливи. Затоа, уште еднаш апелирам да не се служи Владата на Република Македонија со вакви манипулации да кажам, бидејќи земјоделецот во Република Македонија доста е напатен и сметам дека и во иднина треба поголемо внимание да обрнеме на таа група на граѓани. Затоа, уште еднаш предлагам и апелирам Владата до крајот на годината да изготви предлог за намалување на ДДВ на нафтата за земјоделците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност.

Ве повикувам да гласаме.

70 пратеници гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

74 пратеници гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлагам 15 минути пауза заради мои протоколарни обврски.

(По паузата)

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да можеме да продолжиме со седницата.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 точка 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасијевски поднесоа амандмани на член 1 во воведната реченица и за додавање нови точки 9 по точката 8, член 1 во воведната реченица и за додавање нова точки 9 по точката 8, член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 2-а по точката 2 и на член 1 во воведната реченица и на точка 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица и на точка 2, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасијевски, Ристо Пенов и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Зоран Ставрески:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас ќе изнесам генерално мислење и објаснување кое што важи и за останатите амандмани, со тоа што поединечно ќе се изјаснувам по секој амандман.

Предлог амандманот со кој се бара намалување на стапката ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, би требало да се изјаснувате по секој амандман.

**Зоран Ставрески:** Да, тоа го кажав, за секој амандман поединечно ќе се изјаснам, но објаснувањето, образложението е истото и нема да го повторувам при следните амандмани.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Зоран Ставрески:** Предлог амандманот со кој се бара намалување на стапката на ДДВ од 18 на 5% за станови за живеење не се прифаќа од следниве причини. Против намалувањето на висината на даночната стапка, како и тоа кои добра и услуги ќе бидат предмет на оданочување со намалена стапка влијаат два основни фактори.

Прво, намалување на даночните приходи.

Второ, определбите на Европската унија кон стеснување на просторот за менување, бидејќи кога сме определени кон пристапување кон европските интеграции, мораме строго да ги почитуваме определбите за намалување на бројот на добрата и услугите со намалена стапка.

Поширокиот опфат на добра и услуги кои што се оданочуваат со општа даночна стапка, остварувајќи притоа исти или зголемени даночни приходи со примена на релативно пониска општа даночна стапка е основна карактеристика на ДДВ. Со ваква определба се постигнува создавање на одбранбен механизам од разни притисоци и наметнување на секторски групи или поединечни интереси.

Европската унија преку своите директиви од областа на ДДВ, ги поддржува тенденциите на намалување, а не на зголемување на листата на добра и услуги кои се оданочуваат со намалена стапка.

Република Македонија настојува да ја следи оваа препорака. Треба да се има предвид дека во списокот на добра за кои согласно ЕУ директивните се дава можност на земјите членки да воведат повластена стапка на ДДВ, не е предвидена можност за прометот на станови за живеење да се применува повластена стапка.

Благодарам.

Се изјаснив на почетокот, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Најдовски Слободан.

**Слободан Најдовски:** Се извинувам господине претседателе, но јас прифаќам, иако не е деловнички, вице премиерот да даде вакво образложение, на тоа и се задржа, па зборуваше само за становите. Сега, вие прочитавте друг амандман. Ние расправаме по амандманот на точка 2 на крајот од реченицата точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: "одведување на урбаните отпадни води".

**Љубиша Георгиевски:** Јас отворив претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица и на точка 2, поднесен од пратениците, и тука се наведени нивните имиња.

**Слободан Најдовски:** Да, тоа е и амандманот за кој што отворивте расправа. Вице премиерот зборуваше за друг амандман, се изјасни само за становите кои што е после амандман. Но, добро, најверојатно во ова Собрание веќе процедури и закони не важат, јас прифаќам кога така сака премиерот, во ред.

Сакам да го образложам амандманот кој што го имаме поднесено ние од пратеничката група на Либерално демократската партија кој што се однесува за одведување на урбаните отпадни води или попознато за даночната стапка на канализацијата.

Од она што можеше да се разбере и вице премиерот е дека Европската унија ќе имаме проблеми ако одиме со натамошно намалување на даночните стапки на ДДВ. Јас уште еднаш ќе ја повторам реченицата која што сегашниот премиер овде постојано ни ја кажуваше, а тоа беше "ако сте умешни, ако знаете вашиот соговорник да го убедите, во тоа и ќе успеете". Еве, вие господа од Владата предводена од премиерот бидете умешни, убедете ги и ММФ и Светска банка и Европската унија дека вие вашата политика која што ќе ја водите на зголемена наплатеност на давачките, воопшто ќе немате проблем во билансите на Буџетот и дека може да се намалат даночните стапки.

Затоа и на почетокот ви реков, она што денес го предлагате е само залажување на граѓаните и на јавноста. Времето е судија и тоа брзо граѓаните ќе

го видат во вашиот денешен предлог. Но, сега ќе зборувам конкретно за амандманот.

Ние бараме дополнување на точката 2 односно наместо 18% отпадните води или канализацијата се оданочува со 5% од следните причини. Ако водата за пиење од јавните системи за снабдување како основен производ односно услуга во прометот се третира по повластена стапка од 5%, тогаш подеднакво треба да се третира и споредниот промет односно одведување на урбани отпадни води како споредна дејност, ако се има предвид мешовитиот промет и тоа е согласно ... (добро, ќе причекам вице премиерот да се договори со претседателот на Собранието, за да може да ги слушне аргументите).

**Љубиша Георгиевски:** Само што вице премиерот ми објасни каде е забуната. Јас предлагам да се вратиме на амандманот кој е во нашиот редослед овде, зашто вице премиерот има сосема друг став по тој амандман. Имено, по овој амандман за кој говорите, за да нема забуни.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, јас воопшто немам забуна.

**Љубиша Георгиевски:** Не, ние тука имавме забуна. Вице премиерот одеше со еден редослед и тоа не е ништо страшно.

**Слободан Најдовски:** Јас на почетокот тоа го кажав, пред да дискутирам и вие тоа не го прифативте.

**Љубиша Георгиевски:** Не е ништо страшно.

**Слободан Најдовски:** Барате сега да ја прекинам дискусијата.

**Љубиша Георгиевски:** Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот на член 1 во воведната реченица и на точка 2, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасијевски, Ристо Пенов и Андреј Жерновски.

Повелете господине Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Станува збор за амандманот кој се однесува на одредување на урбаните отпадни води. Значи, за тој амандман Владата го прифаќа, со предлог на крајот после запирката да се додаде "а во", со цел да се обезбеди континуитет во реченицата. Значи, амандманот за одведување на урбани отпадни води води се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи амандманот е прифатен од страна на Владата, станува составен дел од Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 2-а по точката 2, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасијевски, Андреј Жерновски и Ристо Пенов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Ставрески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Најдовски Слободан.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе, а благодарам и на вице премиерот што го прифати првиот амандман и да се заблагодарам сега во името на граѓаните на Битола, бидејќи единствени во Република Македонија досега плаќаа 18% ДДВ на канализацијата, со прифаќањето на овој амандман ќе плаќаат 5% ДДВ.

Вториот амандман се однесува за отпремување на отпад и услуги за одржување на јавната чистота. Дејноста која ја вршат јавните комунални претпријатија е дејност од јавен интерес која е директно поврзана со одржување на јавната чистота на градовите и селата, а и влијае врз здравјето на луѓето, но и за зачувување на животната средина како еден од условите за квалитетен и модерен начин на живеење.

Јас мислам дека после аргументите вице премиерот ќе го прифати и овој амандман. Тоа ќе го направи од следниве причини. Математиките кои што ќе ги направат ќе им покажат дека по прифаќање на еден ваков амандман, отприлика ќе ги имаат истите приходи во Буџетот на Република Македонија по основ на зафаќање од ДДВ за отпадот, како и сега. Имено, анализите покажуваат дека од вкупно фактурираната вредност на фирмите кои што се односно чија што дејност е собирање и отстравување на отпад, вршат наплата во Република Македонија просечно сега земено од 53%, што значи останува некаде околу 47% да не можат да наплатат. А, имајќи предвид дека и најголемиот дел од јавните комунални претпријатија кои што се од оваа дејност се со блокирани сметки, ќе видите дека многу и за самите јавни претпријатија и за Буџетот ќе биде поисплатливо доколку се намали стапката на 5%. Исто така, ваквата даночна стапка, еве господине вице премиер, ако за другите ви стават забелешка од страна на Европската унија, за ова воопшто нема да имате забелешка, бидејќи според Конвенцијата на Обединетите нации која што ние овде ја имаме и ратификувано и според останати други конвенции, пракса е и во Европската унија да се оди со повластена стапка при отстранувањето и складирањето на отпадот, бидејќи не е проблем само во Република Македонија, проблемот со отпадот е проблем и на Европа и на целата планета. Од тие причини бидете убедени дека и пресметките кои што ќе ги направите ќе покажат дека приходите во Буџетот на Република Македонија воопшто нема да се намалат. Напротив, ќе се намалат износите на сметки кои што треба да ги плаќаат граѓаните на Република Македонија за комуналните услуги односно за чистотата. Ќе се зголеми наплатата во јавните комунални претпријатија, со тоа што ќе можат постојано да ги извршуваат и обврските кои што произлегуваат по основ на плаќање на ДДВ. Јас сметам дека вице премиерот после овие аргументи ќе го прифати овој амандман, ако не,

се надевам пратениците од сите пратенички групи ќе го поддржат овој амандман, бидејќи се работи за граѓаните од своите средини од каде што доаѓаат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

За збор се јави Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, би сакала неколку реченици околу овој амандман. До 2003 година постоеше повластена стапка од 5%, а во 2003 година беше подигната на 18% и тогаш и сега постои еден единствен проблем, а тоа е проблемот со непостоење на механизам за наплата на побарувањата за комунални услуги. Значи, проблемот не е во ДДВ, туку е проблемот во немање на механизам за наплата на сметките за комунална услуга. Затоа е и толку малку прибирањето на овој данок.

Мене ме чуди неконзистентната политика на господинот Најдовски, кој токму во 2003 гласаше за 18% ДДВ и зошто од сегашната позиција бара 5%, навистина не ми е јасно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Лалчевска, кога би сакал да одговорам во ваш стил, тогаш би ви одговорил па зошто тогаш не критикувавте кога ги кревавме даночните стапки од 5 на 18%. Но не сакам да одговорам така бидејќи тоа нема да не води никаде. Јас и во почетокот на дискусијата која што ја имав со бројки кажав и потврдено е зошто тогаш беа зголемени стапките. Заради дефицитот кој што беше наследен од седум и пол милијарди. Заради тоа што престана така наречениот воен данок, 14 милијарди денари само по тој основ Буџетот беше намален во 2003 година. Затоа што, ставката која што преку 80% од производите се оданочуваат по 19% се намали на 18%. Сега, тоа го кажав и во дискусијата, имаме ситуација кога имаме суфицит во 2005 година за онолку колку што ние предлагаме да бидат сите овие измени кои што се опфатени со амандманите кои што ги предлагаме.

Но, нема никаде да не одведе тоа зошто вие така, зошто ние онака. Ние на овие избори изгубивме. Изгубивме можеби токму заради тоа што дел од вината е во тоа. Ние ја увидовме грешката. Ајде тогаш вие од ВМРО-ДПМНЕ и од Либералната партија бидете конзистентни и оддржете ги вашите ставови кои што ги имавте во минатото и кои сега ги ветивте на овие избори. Поддржете ги тогаш сите наши амандмани, ќе останете конзистентни на она кое го зборувавте во 2003 година во март. Или пак тогаш мислевте едно, сега зборувате друго. Се согласувам, еве затоа ви кажувам дел од вината зошто изгубивме на изборите е и тоа, што не прифативме за 2 - 2,5 милиони евра кои што се сега за земјоделците да се измени данокот на додадена вредност, кој што ништо не значи ни во Буџетот ни за земјоделците, но затоа ја плативме цената. Никогаш нема да зборувам во стилот вие така правевте, ние онака правевме. Зборуваме конкретно, добро е овој амандман да се прифати заради тоа што јавните претпријатија се наоѓаат во една тешка ситуација. Комуналните претпријатија, кои можете да ги видете во општините, најголемиот дел се блокирани. Што гледате лошо во тоа ако ние предложиме и една моментална ситуација покажува дека е позитивна ако ова го направиме. Проблемот е друг, вие ветивте сите, сега треба да излезете пред граѓаните. Тоа е составен дел на политиката.

**Љубиша Георгиевски**: Има збор пратеникот Ристана Лалчевска, контра реплика.

**Ристана Лалчевска:** Да, токму поради конзистентноста на политиката е и овој предлог денес што го разгледуваме, ја отвораме и прошируваме листата на повластената стапка од 5% ДДВ, заради тоа што таква беше конзистентаната политика на тогашната опозиција. Значи нема неконзистентност во политиката. Тогаш го критикувавме зголемувањето на данокот, од истите причини сега ја отвораме листата на повластената стапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам господине претседателе.

Оваа дискусија навистина заслужува внимание затоа што во исто време дел од овие измени што ги предлага Владата овозможуваат подобри услови на сите оние кои сакаат да работат. Иако фокусот денес е на земјоделието, јас сакам да се вклучам и во расправа и на овој амандман кој го дава никој друг туиу ЛДП и во интерес на јавноста сакам овде да потсетам да се престане со демагошкото настапување и во Парламентот и воопшто во политиката во Република Македонија за сметка на економијата, па во тој контекст сакам да потсетам дека во март 2003 година министерот за финансии кој што го предложи зголемувањето на стапката тогаш од 5% кај истата оваа ставка за која сега расправаме овде и имаме повторно амандман од ЛДП, министер за финансии беше господинот Петар Гошев, а градоначалник на Град Скопје беше неговиот претседател господинот Ристо Пенов. Негативните импликации на тогашното зголемување на ДДВ од 5% на 18% на ставката-отпремување на отпад и услуги за оддржување на јавна чистота - директно, најдиректно и најмногу го осетија сите јавни комунални претпријатија во државата, го осети Јавното претпријатие Комунална хигиена, чиј градоначалник беше токму господинот Ристо Пенов во Скопје, па од март 2003 до март 2006 година ова претпријатие има неплатени обврски по основ на ДДВ од ни повеќе ни помалку туку цели 3 милиони евра, со што директно е доведено во прашање функционирањето на претпријатието. Оттука, целосно може да се најде економски издржани мерки и јас се согласувам со господинот

Најдовски ако се направи добра анализа во Министерстовото за финансии, јас навистина апелирам до министерот за финансии таква анализа деновиве да направи, ќе види дека реално со намалување на стапката од 18% на 5% воопшто нема да се наруши Буџетот, бидејќи по основ на други ставки ќе влезат тие пари во Буџетот. Значи целосно е во право господинот Најдовски, меѓутоа многу ми пречи демагогијата на настапот а особено молчењето на неговиот лидер господинот Ристо Пенов, бидејќи тој тогаш иако има една дузина писмени обраќања од Комунална хигиена - Скопје, чиј што градоначалник бил да реагира кај неговиот министер за финансии Петар Гошев да се исправи грешката, во која што гледаме сега и самиот Најдовски призна дека била грашка, не ми е јасно зошто не успеавте или не направивте барем пред избори додека се уште бевте на власт и додека се уште, иако не е министер за финансии од ЛДП, барем господинот Никола Поповски да го убедите, па тогаш да ја намалите таа стапка, бидејќи гледам дека точно знаете дека таквата стапка носи директна финансиска штета и директно сите комунални претпријатија во државата ги доведува до неликвидност, ако знаеме дека 80% од претпријатијата во светот што банкротирале не банкотираат заради непрофитабилност туку заради неликвидност, сосема е јасна демагогијата на настапот на ЛДП во однос на реалната економија кај фискалната политика во државата.

Оттука, целосно ја поздравувам и дискусијата на госпоѓата Лалчевска, која што кажа дека на крајот на краиштата не е толку проблемот во стапката на ДДВ, туку во немањето на механизам на наплата, бидејќи просечната наплата на таквите претпријатија во државата е под 50% и во услови на фактурирање тие се веќе должни да го платат ДДВ-то до 100%.

Затоа, би апелирал до господинот Најдовски фокусот да не биде насочен максимално кон Министерстото за финансии туку кон неговиот лидер и кон неговиот поранешен министер за финансии, кои директно се одговорни за 3-те милиони неплатен ДДВ во Комунална хигиена за период од 3 години, што значи 1 милион евра годишно, и на сите останати јавни комунални претпријатија во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господин Витанов, прво ви благодарам што ја поддржувате мојата дискусија и го поддржувате амандманот па ако се има предвид како дискутирате, се надевам дека ќе гласате по него. Но, не знам зошто толку жолчност кај вас, можеби тоа лежи за изминатите 4 години, можеби за период пред 4 години. Но нема потреба од тоа. Уште малку ќе кажевте дека кога бев мало дете украдов праски, па ми се допаднаа, имаше убава праска и како дете скинав две праски од неговиот двор. Сега би требало во ваш стил да одговорам, бидејќи вие секогаш зборувате и велите во изминиативе 15 години, па колку години бевте во Влада? 6 - 7 години и сега да кажам вашиот лидер. Што има врска вашиот лидер со вас. Вие добро овде се претставувате, го кажувате вашиот став, вашиот лидер си кажува сосема друго и мислам дека не е добро, не е добро за овој Парламент, бидејќи помина тоа време кога со такви ниски удари наместо да се зборува за аргументите се префрла тамата. Дајте да зборуваме за аргументи. Јас ви благодарам што го поддржувате амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Прво се имплицира нешто што не го кажав јас. Јас кажав дека откако ќе излезе министерот за финансии со анализа тогаш ќе се изјаснам дали го подржувам или не го поддржувам амандманот. Мојата дискусија беше насочена во однос на демогогијата на ЛДП и на чело на лидерот на ЛДП, бидејќи беше директно засегнат. Министерството за финансии во март 2003 година, со одлуката што ја донесе членот на ЛДП господинот Петар Гошев директно имплицираше штета од 3 милиони евра само во едно јавно претпријатие, кое што е под ингеренции на Ристо Пенов како градоначалник. Оттука е жолчноста и јас се извинувам ако делував жолчно, ама верувајте вербалната жолчност во однос на штетата од 3 милиони евра на едно претпријатие е неспоредливо помала. За праските не би сакал да дискутирам, бидејќи сега имаме тема, 3 милиони евра штета направена директно на предходната Влада на чело со тогашниот министер за финансии господинот Петар Гошев.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, се јавив за збор бидејќи го очекував овој однос од страна на пратениците на ЛДП.

Би сакал да укажам дека мораме да бидеме прецизни кога дискутираме за конзистентноста на политиките. Би потсетил, 26 март 2003 година, токму овие пратеници, ЛДП и министерот за финансии Петар Гошев направија промена во Законот за ДДВ. Тогаш од 10-на точки кои беа предвидени во Законот за да бидат оддаочувани по повластена стапка, данокот се сведе, повластената стапка на данокот се сведе само на две точки, односно сите амандмани кои денес ги има предложено ЛДП, од нивна страна беа избришани од Законот во делот за повластена даночна стапка. Се доведуваме во ситуација да прашаме што е она што ЛДП после 4 години ја натерало да го смени својот став, односно зошто токму сега покажува активност во однос на ова прашање. Имаме ситуација во која постојано слушаме од ЛДП дека се залага за намалување на даноци, дека се залага за либерализација во економскиот сегмент, меѓутоа ова е прв пат кога гледаме иницијативност од нивна страна.

Работата ќе се сведе на она и колегата Витанов спомна, во конкретниот случај имаме апсолутно политичка демагодија. Значи без анализа, без прецизна проценка е апсолутно несериозно да се навлегува во оваа сфера и само од интерес да се привлечат политички поени и во однос на овој амандман и во однос на амандманите кои следат во текот на денешната дискусија, да се обидеме да издејствуваме таква промена.

Во однос на конзистентноста, јас би препорачал господинот Најдовски прецизно и точно да ја прочита Предизборната програма на ВМРО-ДПМНЕ и на коалиционите партнери, а таму точно пишува што ВМРО-ДПМНЕ ќе направи во наредните 4 години. Ако наиде господинот Најдовски на одредена позиција што го вели, тогаш се менува ситуацијата. Меѓутоа, прецизно е напишано дека ВМРО - ДПМНЕ ќе издејствува намалување на даночанта стапка на ДДВ во однос на земјоделците. Јас би го потсетил на предизборната програма на неговата коалиција во 2002 година, во која исто така прецизно е предвидено проширување на оној дел од Законот за додадена вредност во кој што имаме повластена стапка. Оттука на седницата на 26 март 2003 година, еден од вашите колеги, односно претседателот на Собранието господинот Љупчо Јордановски вели вака: на пример, некој прочитал во нашата програма дека сме ветиле дека ќе се прошири повластената даночна стапка. Точно е бидејќи јас учествував во пишувањето на таа програма. При тоа не кажва дека таа програма е за 4 години, а не за 4 месеци.

Значи вие во вашата програма сте предвиделе проширување во 2002 година проширување на повластената даночна стапка, а не сте го направиле тоа. Напротив, сте го стесниле тоа. Во почетокот 2002, 2003 година сте се повикувале на ова што го кажувате вие сега, дека имало дупка во Буџетот, дека имало воен данок итн, и тоа може да се зема предвид кога се размислува. Меѓутоа, вие не сте го направиле во вашите 4 години она што сега го барате на почеток. Јас верувам дека оваа Влада има прецизен концепт и сакам да верувам во вашите позитивни намери со вашите укажувања што ги имате во однос на тоа како треба да се движат работите. Меѓутоа, дајте да се држиме, ние сме спремни да се држиме до нашата предизборна програма онолку колку што вие не се државте до вашата. Дајте, оставете простор, јас верувам дека Владата после овие укажувања на пратениците, истите ќе ги има предвид, ќе направи проценка, меѓутоа, да не се доведуваме во состојба Парламентото да го користиме исклучиво за политички цели. Да не должам повеќе, ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** На првиот дел од дискусијата на господинот пратеник веќе одговорив кога беше дискусијата на госпоѓата Лалчевска, бидејќи колегата пратеник рече дајте да видиме каде тоа ВМРО - ДПМНЕ ветила други повластени стапки, освен ова што е предложено. Еве, за вас и за јавноста да кажам конкретно. Во програмата за работа на Владата на Република Македонија, за периодот 2006-2010 година, Никола Груевски, мандатар - ова е таа програма, на страница 32 стои: Воведување повластена стапка на ДДВ за лековите. Еве го тоа што не само во предизборната туку и во праграмата на Владата стои, па се надевам ако за овој амандман сега не гласате, кога ќе дојде амандманот за лековите дека сите ќе го подржите бидејќи тоа е напишано во програмата на Владата која ја изнесе овде мандатарот и која сите ја изгласавте. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има пратеникот Илија Димовски

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам во рамките на времето што е предвидено за контра реплика да дадам одговор. Всушност и одговорот беше составен дел на дискусијата на колегата Најдовски поради тоа што и самиот прочита дека станува збор за програма 2006-2010 година. Јас се повикав на програмата која беше предизборна програма на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа значи дека концептот кој што ќе го има оваа Влада ви е многу добро позната и на вас и на нас. Она што го ветивме ние дека во најкус можен рок ќе го намалиме ДДВ-то за земјдолцита во однос на овие точки што ги имаме денес како предлог, тоа го правиме на првата седница на Собранието на која разговараме за законот. Тоа Владата го направи на првата своја седница. За тоа што го кажувате оставете малку време, нека направи Владата анализа нека направи проценка, ќе бидете сведоци дека имаме многу посериозна намера отколку што сега ви изгледа.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Марјан Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе

На почетокот би сакал да истакнам дека овој предложен амандман го гледам пред се во насока на заштита и унапредување на животната средина, состојбата со јавните комунални претпријатија и она што слободно можеме да го кажеме е постоењето ѓубришта на целата територија на Република Македонија во најголем дел се должи и како последица на нефункционалното работење на јавните комунални претпријатија буквално во секоја општина која ги има. Би потенцирал дека овој амандман кој е предложен од страна на ЛДП треба да го гледаме и во една поширока смисла, односно во едни покомплексни промени на предложените измени на Законот на ДДВ, што секако треба да опфати и многу други сегменти. Меѓутоа, би потенцирал дека ВМРО Народна партија во својата партиска програма на овие парламентарни избори кои завршија во делот на заштитата на животната средина посебно го потенцираше делот за намалување на ДДВ токму во оваа сфера од 18% на 5%, така што ние како партија ќе го подржиме овој предложен амандман

и цениме дека со усвојувањето на овој амандман ќе се даде само еден дополнителен придонес на целосно функционирање на комуналните јавни претпријатија.

При тоа, би сакал да истакнам дека немам намера да навлегувам воопшто во состојбите какви се во јавните комунални претпријатија, оставени по промените после локалните избори и какви се во овој момент, верувам дека за секое јавно комунално претпријатие треба да претстои еден процес на реорганизација и целосно ставање во функција на граѓаните или едноставно сите градови во Република Македонија треба да бидат чисти, а не секој ден да поминуваме покрај контејнери кои се преполни со смет, а сето тоа да го ставаме во дискусија дека не функционираат јавните комунални претпријатија и верувам дека ова ќе биде подржка на јавните претпријатија на локалната самоуправа и дека ќе бидат малку релаксирани во својата работа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Амандманот е погоден за расправа и затоа се јавуваме повеќе луѓе, но дали да потсетувам, а веќе било потсетено дека имавме соочување со исти ваков предлог за изменување и дополнување на Законот некаде пред изборите, меѓутоа тогашното мнозинство го одби и сега исто така повеќе луѓе можат да бидат во дилема дали да гласаат или да не гласаат, затоа што очигледно е дека се соочуваме со еден проблем кој е важен проблем во животот на граѓаните.

Лично јас овој пат нема да го подржам амандманот заради неколку многу конкретни причини.

Јас сега обрнувам внимание дека ние имаме нова Влада и дека Владата не може премногу крпеници да прави во Буџетот, затоа што уште три месеци и остануваат да го оствари и треба да направи потфат само таму каде што може и толку колку што може и колку може да се утврди сега и да се види.

Мислам дека основниот предлог на законот кој го достави овде Владата е урамнотежен и потребен и треба него да го пдоржиме и овој пат да останеме на тоа.

Ако може овој пат да ги скратиме нашите расправи за да и интенцијата на Владата има некое дејство. Навистина да почне да се применува законот од 1 октомври, бидејки голем дел од сеидбата тогаш и почнува во Македонија, луѓето да се спремаат да има корист непосредно од тоа.

Инаку, сигурно е дека Владата ќе ги разгледа сите прашања што се покренати и со амандманите и оние кои самата ги има дадено во програмата кога ќе се прави новиот Буџет. Сега на пример нафрлувајки посебно повеќе разни прашања, а не правиме Буџет, туку правиме интервенција на секторот пред се на корисниците да им се олесни на оние кои што имале високи обврски сега, но и толку колку можат корисниците да поднесат. Билансот во Буџетот мора да остане.

Затоа не можам да поддржам сега други, дури мислам дека не е коректно сега да се бараат други исправки во Буџетот кој е донесен во декември, цела година и 9 месеци ќе поминат и овој закон кога ќе стапи ќе поминат од сила на остварувањето на Буџетот и на расходната и на приходната страна. Затоа останувам на тоа ако Владата, претставникот на Владата не согледа дека некој амандман не им ги расипува сметките и можат да го прифатат, ако каже дека не можат да го прифатат и овој пат оваа намера на Владата да ја подржиме вака како што е сите ќе имаме корист и сите оние што нас не гласале, од сите партии, бидејки јас колку што знам и сегашната опозиција ветуваше дека на земјоделството посебни олеснувања ќе направи и т.н., нека се придружат сега заедно да го донесеме овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Слободан најдовски.

**Слободан Најдовски:** Токму во функција на ова што го зборуваше господинот Андов, со оглед на тоа да нема пореметување на Буџетот, многу брзо ќе дојде предлогот за ребалансот, барем според најавите од Владата, ќе видиме каква е состојбата и тогаш ќе можеме да зборувам, но ако сака навистина да ги подржи амандманите и вели кога ќе е времето за новиот Буџет, јас кажав и во моето воведно излагање - сега е времето за донесување на овие измени од едноставна причина што сега се прават проекциите за Буџетот за следната година. Можеме ние да се согласиме за уште еден предлог, нека не важат од сега, нека важат од 1 јануари 2007 година овие амандмани, со тоа што Владата ќе може да ги има во предвид кога ги прави проекциите за Буџетот.

Значи, не е во прашање дали сега може, дали ќе влијаат на Буџетот или не, туку во прашање е тоа зошто сега доаѓа предлогот од страна на ЛДП. Тоа го зборував претходно и не сакам повеќе да го повторувам.

Ова се работи кои што со анализите покажуваат дека ќе имаат позитивно влијание. Сите амандмани кои што ги имаме предложено ќе имаат позитивно влијание, ќе ја зголемат потрошувачката на тие производи и кои се однесуваат на производите, ќе се зголеми наплатата во услугите, за оние кои што се однесуваат на услугите, сето тоа ќе доведе до истиот резултат во приливот на средства во Буџетот на Република Македонија.

Мислам дека не слушнав ни еден аргумент од сите мои колеги што дискутираа дека се против тоа амандманот да се усвои, туку сите колеги кои до сега дискутираа за нашиот амандман кажуваат дека е добра работа, дека тие некогаш так амислеле и така предлагале, но сега не знам

зошто тогаш не го прифаќаат. Јас кажав многу отворено, еве признавам згрешивме. Ајде покажете вие тогаш дека вистински сте се залагале или како опозиција сите тогаш кажувавте нешто сосема друго.

И за оние колеги кои што беа од тој состав на Парламентот, за дел од амандманите кои што се овде предложени, што ако бевме од иста партија со некои луѓе различно мислевме. Членовите на Комисијата за финансирање и буџет знаат дека јас имав дел од овие амандмани и што има во тоа чудно. Дајте да зборуваме за аргументите. Сите анализи покажуваат дека овие амандмани до колку се сака можат да се усвојат. Ако ви смета тоа што се од нас предложени се согласувамнека бидат предлог на Владата, ние ќе ги изгласаме. Инаку, немаме ништо против за законот кој што

се однесуваше на, бидејки се сака да се ампутира дека и против тој закон сме, рековме дека немаме ништопротив, ќе го гласаме законот, гласавме за предлогот за донесување на законот, ги видовте листинзите но укажуваме дека тоа е залажување на јавноста, ништо друго. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави пратеникот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Јас сватив дека ова е реплика на моето излагање...

**Љубиша Георгиевски:** Не.

**Стојан Андов:** Бидејки не, немам реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 12 пратеника, воздржани нема и против 44 пратеници.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 на воведната реченица и за додавање нова точка 2-а по точката 2 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасиевски, Андреј Жерновски и Ристо Пенов.

Објавувам пауза за ручек до 15,30 часот заради моја обврска.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,40 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски, под архивски број 07-3108/2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот Владата не го прифаќа.

Има збор господин Ристо Пенов.

**Ристо Пенов:** Благодарам претседателе, дозволете ми во кратки црти да ја образложам суштината на амандманот кој што го поднесуваме.

Прво, со овој амандман се предлага стапката на ДДВ на станови да се намали од 18% на 5% ДДВ.

Со овој амандман се добиваат од позитивни буџетски импликации, од причина што ќе објаснам подоцна.

Второ, оваа стапка од 18% на ДДВ на становите е донесена на 26 март 2003 година од владата и владината коалиција во која припаѓам и јас и таквата политика на 5 јули доби недоверба од граѓаните на Република Македонија и од 5 јули оваа година одговорноста за состојбите паѓа на коалицијата "За подобра Македонија", предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

Трето, сакам да потсетам дека веќе две години јас, Ристо Пенов не сум градоначалник на Скопје и да ги потсетам колегите дека веќе две години во Скопје градоначалник е кандидат на коалицијата "За подобра Македонија", на која припаѓа и Социјалистичката партија и господинот Витанов. Доколку состојбите кои тој ги утврдил во Комунална хигиена се такви, а јас не ги оставив такви, тогаш органите треба да превземат одредени мерки да утврдат со какво работење тие 3 милиони евра неплатен данок се направени.

Околу самата суштина на амандманот ќе кажам, искуството од примената на 18% ДДВ за становите покажа дека граѓаните во многу голема мерка го одбегнуваат плаќањето на овој данок и буџетот останува празен, а граѓаните без соодветните права.

Имено, за што се работи. Наместо купопродажен договор за купување на стан, граѓаните склучуваат договор за здружување на средства, со кои се појавуваат како соинвеститори во изградбата на становите и потоа бидејќи нема купопродажен договор, на тој стан, на тие уплати што ги прават, не плаќаат ДДВ. На овој начин оштетена е државната каса и со овој амандан што го предлагаме очекуваме дека Буџетот ќе биде многу пополн отколку сега, односно сега амандманот носи позитивни импликации.

За попластично да ме разберат колегите и претставникот на Владата, ќе го спомнам актуелниот случај "Фиком" кој што се одвива пред очите на македонската јавност во кој се изградени 8 згради и околу 800 граѓани склучиле договори за здружување на средства за изградба на стан, уплатиле според она што можам да го прочитам, околу 26 милиони евра, на кои не е уплатено ниту еден денар ДДВ и буџетот по овој основ е празен. Граѓаните, заради високата цена на становите се принудени да склучуваат вакви договори, да го одбегнуваат ДДВ, но на тој начин влегуваат во ризик, како што во случајот на "Фиком" влегле, без да имаат одредени права со уплатените средства,

или побарување во однос на имотот кој што е присутен во овој случај.

Доколку, Владата прифати, или парламентарното мнозинство го поддржи овој амандман, граѓаните кои купуваат нови станови, ќе ги купуваат со купопродажни договори, ќе можат да платат 5% ДДВ и со тоа ќе стекнат силни права во однос на имотот кој што постои во зградата што тие практично купуваат стан. Значи, апелирам овој амандман да се прифати, затоа што нема негативни буџетски импликации, напротив, ќе донесе поголем прилив во буџетот од оние станови од кои што не се плаќа ДДВ. На пример, само во минатата година во Скопје се изградени 3217 станови, од кои ДДВ е платен само за 480 станови. Сите останати, овие се познати, а има многу за мене непознати станови се градат и се предаваат на новите корисници без купопродажни договори и без права за граѓаните, но и без ефект за буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Витанов, имате реплика или збор?

**Зоран Витанов:** Јас ќе се воздржам од вториот дел на дискусијата на господинот Пенов, бидејќи не се разликуваме тука, меѓутоа, ќе чекам образложение од Министерството за финансии, па јас се надевам дека кога ќе го следам буџетот од 1.01.2007 година, тогаш ќе дискутираме за таа тема, за која што сега зборуваше Пенов, но кажав претходно да не се повторувам, сакам да реплицирам.

Значи, господине Пенов, погледнете ги стенограмите, имавте пауза од 90 минути, очигледно тоа не сте го направиле, а ме спомнавте. Јас стриктно кажав март 2003 година, Петар Гошев министер за финансии и Ристо Пенов, градоначалник на Скопје. Ристо Пенов во исто време претседател на ЛДП од која што партија доаѓа министерот за финансии. Носите закон за ДДВ, односно измени на Законот за ДДВ, каде што од 5% стапката за комуналии ја дигате на 18%. Како директна последица на тоа, во периодот март 2003 година, периодот март 2006 година, како последица на тоа има само јавното претпријатие "Комунална хигиена" акомулирано неплатен ДДВ од 3 милиони евра, или цирка 1милион евра годишно. Тоа кога е донесено господине Пенов, кога првите 2 милиона се акумулирале, вие сте биле градоначалник на Скопје, а немате реагирано во Министерството за финансии, ниту во Парламентот, иако бевте на власт и иако писмено комуналното претпријатие, кое исто така беше дел од вашата власт, тогашното раководство, има реагирано дека таквата даночна политика директно го води претпријатието во неликвидност и во банкрот. Значи, периодот за кој зборувам, е период во кој што вие бевте градоначалник. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот Ристо Пенов.

**Ристо Пенов:** Иако ова не е тема за овој амандман, но сакам на господинот Витанов да му кажам дека јас можам да одговарам или да објаснувам за периодот до 2005 година, кога сум бил градоначалник и тогаш, комуналното претпријатие имаше проблем со плаќањето на ДДВ, но состојбата не беше таква. Милион евра неплатен ДДВ "Комунална хигиена" немаше. Како за останатиот период станале 3 милиона тоа треба вие да го анализирате и да им објасните на граѓаните, а, инаку, дека на сум се сложувал со таквата мерка можам и сега да говорам, но тоа ништо не ми вреди. Ние таа мерка не ја променивме, нас граѓаните на 5 јули не променија. Од денес, вие сте одговорни за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Витанов Зоран имате контра реплика.

**Зоран Витанов:** Не, јас во репликата го искористив правото и кажав дека ќе чекам до буџетот 2001 година, тогаш ќе дискутирам на таа тема, сега не би го одземал вниманието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ги повикувам пратениците да дојдат во салата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Службите нека ги пребројат пратениците.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам координаторите на сите партии да ме известат дали можат да обезбедат кворум.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале 58, против гласале 56 пратеници, воздржани нема, 2 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 9 по точката 8 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски под архивски број 07-3108/2.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 9 во точката 8 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски под архивски број 07-3108/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот вице премиер Зоран Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не е прифатен од страна на Владата.

Има збор господинот Ристо Пенов.

**Ристо Пенов:** Благодарам претседателе.

За овој амандман во кратки црти сакам да образложам која е идејата да го предложиме во ваква форма денес. И овој амандман односно и стапката од 18% за лекови е донесена на 26 март кога владината коалиција која јас ја подржував и

на која и припаѓав, ја носеше таа стапка и можеби заради ова на 5 јули граѓаните ни изразија недоверба. Но, денес овој амандман е преземен од Програмата која што ни ја достави мандатарот за новата Влада и е содржан во книгата која што имавме прилика за време на изборите да ја читаме-Преродба во 100 чекори. Имено, во Програмата на Владата на страница 32 во одделнот Здравство, пододел фармација се вели дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе донесе повластена стапка на ДДВ за лекови и помагала. Од тие причини, бидејќи во образложението кое што вице премиерот го даде на оваа седница, во кое што наведе не саом што сега неможе да го прифати, туку и во наредната година нема да го прифати без некаква обврска во која година оваа измена би се донела. Ние сметаме дека денес е актуелно и ќе обраложам дека овој амандман може да се прифати и без да се поремети структурата на Буџетот или да има негативни буџетски импликации. Имено, за што станува збор?

Велиме во Република Македонија лековите се скапи и тоа навистина е така. Велиме дека државата издвојува огромни средства за здравството, а граѓаните се незадоволни. И тоа држи. Но, во структурата на приходи и расходи, ако погледнеме, ќе видиме дека во минатата 2005 година, Фондот за здравство по основ на лекови во Буџетот на Република Македонија уплатил 859.000.000 денари или бидејќи е популарно, да разговараме во евра повеќе од 14.000.000 евра се трошат за ДДВ на ионака скапите лекови.

И сега, намалувањето на овие 859.000.000 на 5%, што изнесува некаде околу ефект за Буџетот 500.000.000 денари, изгледа дека е преголема ставка. Но, во истиот момент сакам да ја потсетам и Владата и парламентарното мнозинство дека Владата на Република Македонија или Буџетот преку Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување по основ на придонес, здравствен придонес за невработените лица на Фондот за здравствено осигурување му исплаќа во вид на дотации или плаќања сума во вредност од две милијарди денари. Значи, ефектот е само по здравствените осигуреници и по џебот на граѓаните кои што го плаќаат тој данок, а потоа истите тие средства во друга форма се враќаат во Фондот за здравство. Моментот за носење на оваа измена е токму сега, затоа што сме во пресрет на носење на новиот буџет кога што со другите подзаконски акти Владата, Министерството за финансии и другите министерства ќе ги овозможат овие промени да нема трансакции непотребни кои што се од џебот на граѓаните, а немаат никаков ефект.

Сакам да ви кажам дека стапката од 18% на лековите значително влијае и врз самата цена на лековите, затоа што лековите кај нас се главно увозни. Нив ги увезуваат веледрогериите. При самиот увоз или при самата продажба за домашните производители тие го плаќаат ДДВ од 18%, што е значителна сума, а јас спомнав бројки кои што потоа се уплаќаат пак во Буџетот. И, бидејќи Фондот за здравство тие средства им ги плаќаат дури после 6 месеци во просек, кај клиничките центри низ Републиката е дури повеќе од една година, тие вградуваат камата на тие уплатени средства по основ на ДДВ при увозот и при продажбата и на тој начин за одреден процент ја покачуваат цената на лековите.

Ако се усвои овој амандман, ќе имаме двострук ефект и по џебот на здравствените осигуреници и по цената на лековите која ќе биде попристапна до сите граѓани на Република Македонија. Од тие причини предлагам овој амандман да се прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Јаневска Весна.

**Весна Јаневска:** Почитувани пратеници, почитуван вице премиер.

Сметам дека станува збор за многу сериозен амандман и дека господинот Ристо Пенов релативно добро образложи некои факти во однос на ДДВ за лековите. Поради тоа јас не би го повторувала тоа што тој го кажа, туку би посочила уште неколку значајни факти кои се однесуваат на граѓаните на нашата земја. Ако се потсетиме дека претходната Влада и господин Стефче Јакимовски водеше реформска но силно рестриктивна политика, би сакала да ве потсетам дека огромен број на случаи кои примаа социјална помош од државата во моментот останаа без неа. Не навлегувам во тоа колку било оправдано или неоправдано, колку некој оправдано или неоправдано ја изгуби социјалната помош, но тврдам од медицински сознанија дека тоа е една група на луѓе кои се, главно, силно здравствено засегнати. И, не само тие, туку возрасните лица во оваа земја и целата популација. Лековите во Македонија навистина главно се увозни и навистина се прилично скапи. Дири, имаме ситуација кога истиот лек во нашата земја е поскап, отколку во околните земји, па нашите граѓани се приморани на различни начини да се снаоѓаат и лековите да ги набавуваат од соседството. Притоа, не сме сигурни за каков квалитет станува збор, затоа што се случуваше некои увозни лекови од некои не само соседни, туку од други земји, во Македонија да влегуваат со поминат рок и со несоодветен квалитет.

Намалувањето на даночната ставка на лековите првенствено ќе им помогне на граѓаните на оваа земја, за да бидат и работоспособни, па така ќе има и економски ефект. Повратокот на дел од средствата во лековите кој го прави Фондот за здравствено осигурување е со задоцнување најчесто од три до шест месеци, по што некои од граѓаните стекнуваат континуитет на повратокот за средствата, но некои никогаш тоа не успеваат да го направат, а во внатрешноста е особено сериозно загрозен тој процес.

Ако имаме на ум, а јас како лекар по професија ви тврдам дека најголем број од пациентите имаат потреба од континуирано лекување и од континуирано земање на лекови, тогаш сметам дека Владата уште еднаш треба да го преиспита својот став да размисли е исправно овој

амандман да не го прифати. Искрено сметам дека нема значително да влијае на Буџетот, но доколку и тоа е така, бидејќи следи ребаланс на Буџетот, Владата би можела да ги планира трошоците кои се однесуваат на здравјето на граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави госпоѓа Роза Топузова-Каровка.

**Роза Топузова-Каровска:** Благодарам претседателе

Јас сосема накратко сакам да се осврнам на овој амандман и би го прочитала на самиот почеток целиот амандман за оние кои не знаат како гласи, а тоа е лекови, замена на делови од телото, ортопетски апарати и справи, справи за отстранување на функционални оштетувања, како и инвалидски колички за луѓе. Зошто го читам амандманот?

Во претходните две дискусии беше доста кажано за лековите и јас тука не би сакала да се повторувам, но сакам да кажам само неколку зборови за вториот дел од амандманот што се однесува на делови од тело, ортопетските апарати и останатите справи, затоа што овие пред се им се важни на лицата со посебни потреби, а согласно Уставот на Република Македонија како демократска и социјална држава Република Македонија има обврска да обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот. Меѓутоа, морам да напоменам покрај ова дека и Програмта која што ни ја достави мандатарот Никола Груевски тогаш, а сега премиер, содржи одредба која што вика дека посебна гржа ќе посветиме на децата, младите до 18 години, бремени жени итн, и секако на лицата со специјални потреби. Мислам дека ова е моментот кога треба да се искаже и да се поддржи она што е кажано во Програмата да не се отстапува и тие работи кои што тогаш ги слушнавме и принеговот експозе да не бидат само декларативни. Со прифаќањето на овој амандман, не гледам зошто би се чекало со негово прифаќање, затоа што навистина не предизвикува големи импликации во Буџетот на Република Македонија, а и лицата со посебни потреби ќе можат барем во одреден дел да им се подобри нивниот социјален статус. Очекувам подршка од партијата на Лилјана Поповска. Јас сум изненадена како таа не се заложи, затоа што во нејзината предизборна кампања исто така се повикуваше на тоа дека посебно ќе се залага за лицата со посебни потреби, со чии гласови таа стана и член на овој Парламент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Благодарам.

Реплика има Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам претседателе, немам реплика имам дискусија.

Морам само да кажам дека лицемерието и хипокризијата немаат мерка, особено во политиката и на една ваква дискусија човек нема што друго да каже освен вистина. Се разбира, јас секогаш сум се залагала за лицата со посебни потреби и тоа ќе го чинам и во иднина. Тоа е една од основните темелни заложби на ДОМ како партија и тоа ќе го правиме и го правевме и ќе продолжиме и понатаму. Меѓутоа, хипокризија е да се залагаш за нешто кога го правиш тоа како од беља, да го правиш само од маркетиншки причини, а многу добро знаеш дека во некои моменти не му е местото, не му е времето и тоа неможе да се направи. А, не го правиш тогаш кога сите алати ти се во раце, кога сета моќ ти е во раце и сега во едно тотално невреме едноставно излегуваш со една ваква вербална експликација. Меѓутоа, секој си е одговорен за својот стил на однесување, секој си е одговорен за своите зборови, што значи во ниеден случај не сум заборавила за што сум се залагала, ниту сум се откажала од она за што сум се залагала. Апсолутно стојам на тоа дека лековите треба да бидат поевтини. Апсолутно стојам на тоа дека лицата со посебни потреби треба да имаат многу бенефиции во набавка и на ортопетски помагала да бидат бесплатни , практично, затоа што многу се доближивме со тоа што во минатиот состав во работата на лоби групата за лица со посебни потреби се намали партиципацијата со 40% се сведе само на 10%. Има уште многу, многу нешта кои што треба да се направат за таа категорија наши граѓани и за тоа ќе се избориме, верувам, во текот на овој мандат. Имено, меѓу останатото мојата поддршка и поддршката на ДОМ за оваа владина коалиција се темелеше и на определбите што стоеја и во владината програма дека ќе се посвети внимание на лицата со посебни потреби. Значи, тоа останува како програма на Владата и во еден од следните чекори на Владата , ние тоа секако го очекуваме, па верувам дека ќе го дочекаме и ќе го поздравиме со радост, како што ги поздравивме некои добри мерки во текот на оваа седница. Меѓутоа, во моментов сосема е јасно дека ние имаме Закон, законска измена која што се однесува на земјоделието, дека тоа е извонредно добра измена и дека таа измена ја поддржавме. Ја поддржуваме и понатаму, а споредни, странични амандмани за кои е јасно дека во моментов неможат да се реализираат, за кои што е јасно дека не се вградени во Буџетот, за кои што е јасно дека во нова година, до новиот буџет нема да можат да се реализираат, а само да се зборува за тоа, сметам дека е некоректно, дури и иритирачки и непристојно кон луѓето кои што очекуваат вакви промени. Затоа, сосем чесно, јас во моментов кажувам не поддржувам формална, вербална лага, залашка за одредена категорија граѓани, меѓутоа и јас ќе иницирам и ќе поддржам тогаш кога нешто ќе може да се реализира и кога ќе биде искрено и чесно предложено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Реплика има пратеникот Роза Топузова-Каровска.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам претседателе.

Јас ќе го задржам нивото и нема да употребам такви изрази, само ќе докажам со еден пример дека Владата, претходната Влада не само декларативно се залагала за лицата со овие потреби, токму со самиот факт што го спомена и Лилјана Поповска дека во 2005 година , значи имаме намалување на партиципацијата од 40 на 10%. Значи, утврдување на референтни цени на ортопетските помагала, со што овие услуги им станале подостапни на граѓаните и за тоа говори бројот на поднесени барања до Фондот за здравствено осигурување и колку лица добиле, се стекнале со овие помагала. Ви благодарам и мислам дека фактите зборуваат, а нема никаква декларативност во тоа што сега ЛДП се залага за уште една бенефиција која што треба да ја имаат овие лица. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Контра реплика има пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Само заради вистината, намалувањето на партиципацијата на ортопетските помагала од 40 на 10% беше одлука на првиот директор на Фондот за здравство господинот Рубинчо Заревски како член на лоби групата за лицата со посебни потреби. Тоа беше договорено на самата лоби група и тој тоа го стори, така што во таа прилика му изразивме благодарност. Значи, тоа не беше дел и заложба на Владата во целина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Збор има пратеникот Божиновска Валентина.

**Божиновска Валентина:** Почитуван претседателе , колеги пратеници, мислам дека може да размислат претставниците на Владата, да земат пауза и да видат дали можеби делумно ќе го прифатат амандманот. Значи, апелирам ако не бидат лековите да бидат ортопетските апарати, справите за отстранување на функционални оштетувања и инвалидските колички.

Има еден момент кој не сме го продискутирале, не сме нашле време и кој го занемаруваме. Кога одевме на кампањата еден од податоците кој буквално ме остави стаписана беше слениот дека последниот податок од Заводот за статистика беше од прилика дека 22% во образовниот процес деца од 7 до 18 години не се знае дали се влезени во образовниот процес, дали се вклучени, значи воопшто ги немаме анимирано како генерација и воопшто не се ставени години, не се знае дали се влезени во образовниот проце и дали се вклучени.

Значи воопшто ги немаме анимирано како генерација и воопшто не се ставени дали учествуваат директно или индиректно. Меѓутоа, дел од 22% од тие, значи некаде 18% се децата со церебрална парализа, децата со трајни оштетувања и особено на децата. Одговорот налуѓето кои поминувале во населбите бил следен: дека немале инвалидски колички.

Според тоа, мислам дека е многу важно во овој дел да размисли Владата и да го прифати веднаш.

Втора индикација која е сериозна, која е значајна и во интерес на поднесениот амандман е следна: најдобра клиника во мигот, значи и од соседна Грција и од соседна Бугарија е клиниката за ортопедија. Во последните анализи е 98% од операциите кои се за оштетувања на колкот и измена на колкот, покажува дека 30% остануваат понатаму неуспешни од едноставна причина што понатаму луѓето кои ја добиле ветената услуга не биле во состојба да си ги купат основните помагала, штаќи, колички итн. и да се вклучат во животниот процес. Според тоа, мислам дека навистина ова се два силни аргументи заради кои би можела Владата за овој амандман да размисли, а во идниот процес да размислиме и за намалувањето на ДДВ за лекови. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за амандманот гласале 12, воздржано 2, против 57.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасијевски под архивски број 07-3108/3.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 9 по точката 8 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасијевски под архивски број 07-3108/4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор вицепремиерот Зоран Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Јован Манасијевски. Повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван претставник на Владата јас навистина сум изненаден од негативниот одговор, особено даден вака без образложение зошто амандманот е неприфатлив на Владата. Инаку, сакам да потсетам, затоа што неколку мина пратеници се обидуваат да ја дисторзираат расправата, ние денес не менуваме закон за земјоделие, немаме тематска седница за земјоделската политика, туку разговараме за промените на системскиот закон за ДДВ и тоа во делот на експлицитно наведување на делот на исклучоците. Така, не се добри обидите расправата да се ограничи исклучиво на овој сектор. Токму за тоа и

законодавецот, во моментот кога го донесувал овој закон, предвидел таква организација номотехничка на законот, каде што се наведуваат прецизно исклучоците, независно од нивната тематска припадност.

Амандманот кој што се предлага се однесува на воведување на повластена далечна стапка за персоналните компјутери. Ова прашање е исклучително значајно затоа што има директно влијание врз економскиот и технолошкиот развој на нашата земја, која и покрај напорите направени во последните неколку години сеуште сериозно заостанува и не може да го фати потребниот чекор. Имено, македонската индустрија на информатичка технологија бележи огромен раст последниве години. На пример бројките за 2005 година говорат дека растот беше 16% во споредба со општиот раст на БДП од 4%, што значи дека оваа гранка како една од најбрзорастечките гранки треба дополнително да се стимулира.

Истовремено, во овие неколку години овој сектор отвори многу нови работни места, бројот на фирмите кои се најмногу од редот на мали претпријатија беше мултиплициран, така што наша обврска е тука во законодавниот дом и во Владата овој раст на овој сектор да се помага. Инаку, овој амандман очекував да добие поддршка од Владата и апелирам до парламентарното мнозинство да го разгледа, затоа што токму и во предизборната програма на стожерната владеачка партија, а и во програмата на Владата што ја изложи премиерот Груевски, експлицитно стои на страница 31 на пример "набавка на 50 илјади евтини компјутери по набавна цена". Значи така стои во програмата на Владата.

Овој амандман всушност е би рекол поскромен од ова што Владата го ветила, затоа што со него се предвидува само намалување на даночната стапка од 18% на 5% и притоа, она што е многу значајно, бидејќи аргументацијата за некои од претходните амандмани беше дека има време, четири години се пред нас, во Програмата на стожерната владеачка партија ВМРО ДПМНЕ стои експлицитно дека рокот за оваа програмска определба е март-2007 година, што значи дека токму сега во овој период треба да бидат преземени вакви или слични мерки кои ќе придонесат оваа програмска заложба на Владата да се реализира.

Дополнителна аргументација во оваа насока е што особено последниве денови од една респектабилна институција како што е Комората за информатичка технологија излегоа со податоци во кои говорат за тн. фиктивен извоз и повратен ДДВ по таа основа. Проценките на оваа реномирана асоцијација се дека најголем дел од извозот во оваа гранка всушност е фиктивен и дека се применува само за да се избегне плаќањето на даночната стапка од 18%. На тој начин директна штета трпи и државниот буџет, така што аргументите дека ќе настане дисторзија на приходната страна погледани од овој аспект воопшто не држат.

На крајот, овој амандман е многу битен и за сите стопански субјекти и за граѓаните како физички лица, затоа што зза жал во нашата држава персоналните компјутери се сеуште луксуз а не работна алатка и јас не гледам подобар начин да се истрае и да се реализираат заложбите за информатичко општество отколку примената на вакви системски мерки, создавање поволен амбиент за луѓето да ги набавуваат овие средства. Инаку, мерката да се направи нов орган, ново оптоварување административно на граѓаните со воведување на Министерство за информатичко општество е апсолутно депласирана. Токму преку вакви системски мерки во повеќе сфери, а особено со интервенција тука во законот за ДДВ на најдобар начин ќе се помогне на сите оние што немаат персонален компјуер да го набават и на сите оние што имаат застарени модели да ги обноват и на тој начин да го фатат чекорот со технолошкиот развој.

Уште една работа, уште еден аргумент што е многу значаен, а со една анализа последните три години тоа се потврдува, е дека во последните три години аутсорсингот е во исклучителен пораст и дека најголем дел на аутсорсингот токму се должи во деловите во секторот на информатичката технологија. Така, со прифаќањето на овој амандман директно ќе се помогне и на овие млади луѓе кои се со извонредни капацитети, а се одлучиле да не ја напуштат Република Македонија, туку преку аутсорсингот тука од Република Македонија да прават соодветен профит и да носат многу значаен и сериозен дефизен прилив, затоа што се што ќе се сработи во оваа свера се е всушност додадена вредност, така што добиваме на некој начин чист девизен прилив.

Уште еднаш би апелирал до колегите од Парламентарното мнозинство да го разгледаат овој амандман и да му дадат поддршка на денешната седница.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас ќе дадам поддршка кон овој амандман и на почетокот јас ќе се приклучам во коментарот што го даде господинот Манасијевски дека кога на расправа имаме закон за додадена вредност, тогаш амандмани може да се поднесуваат на целиот закон и тука не може тоа право да се ускрати, иако утрово слушнавме различни дискусии и повеќето личеа на предлог-проекти за развој на земјоделието во различни региони на Република Македонија.

Секогаш сум се борел за тоа дека не мора секогаш да заработуваме само од земјоделието. Мислам дека иднината на Република Македонија е и овде, за тоа е многу направено и многу сум вложувал и секогаш ќе ги поддржам сите

иницијативи што се однесуваат на создавање на што подобар амбиент за развој на информатичкото општество и како прилог кон тој равој ќе го поддржам овој амандман со кратко образложение што ќе го дадам.

Беше напомнато и од господинот Манасијевски, информатичката технологија за среќа е најдобрата стопанска гранка во Република Македонија со пораст од 15%, на кој можат да и подзвидат сите и тука разни чинители придонеле за тоа и различни односи придонеле за тоа, а пред се одличната соработка и идеите што доаѓале од Македонската асоцијација за информатичка технологија "Масив" која што како иницијатива од приватниот сектор помогнала многу за различни предлози и како плод на тие такви предлози минатата влада се определи информатичката технологија да ја смести за прв пат како стопанска односно економска гранка од која и се заработува, која во овој момент вработува 1700 луѓе во информатичкиот сектор, а вкупниот број, заедно со комуникацискиот сектор, стигнува и до бројка од 7000 вработени.

Инаку, беше кажано дека пазарот во Република Македонија е околу 62,68 милиони долари и со растот што се предвидува и се очекува во 2010 година треба да стигне до 200 милиони долари.

За жал, некои од светските трендови се дека процентуалната распределба на секторите кои учествуваат во ваквиот развој, за жал, во Македонија премногу е зафатен од телекомуникацискиот сектор, а тоа е како последица на долгогодишните односи што постојат во Република Македонија и за да можат да напреднат и другите односи, другите сектори, а пред се сервисите кои во повеќето европски земји се пред се во Америка и во Јапонија во најголем процент и да напреднат оние кои се занимаваат со хардвер, а во овој случај со персонални компјутери како што се однесува амандманот. Ова е една од мерките која може да помогне во тој процес. За жал, истражувањата во Македонија покажуваат дека фирми односно сервиси кои нудат решенија, кои нудат изработка на софтвер, кои вработуваат многу луѓе заработуваат или имаат обрт многу помал од некои фирми кои продаваат условно кажано само куќишта или половични монитори. Затоа, една од мерките за да може да се избегне сето тоа е да победи квалитетот на пазарот е намалувањето на даночната стапка од 18% на 5% за да не се оптоваруваат сите компании како да донесат посебно монитор, посебно куќиште, тоа да го направат во една поинаква нормална процедура и намалувањето на даночната стапка апсолутно ќе придонесе за тоа. Мерките или некои предвидувања што се правени во Македонската асоцијација за информатичка тенологија велат дека наместо 200 милиони проектирани, со намалувањето на 5% ќе стигнеме од прилика до 245 милиони долари во 2010 година, вредност на АТ пазарот во Македонија. Затоа, ќе го пддржам овој амандман, се надевам како една од мерките кои ќе придонесат за она што е и заложба на Влдата, да не се повторувам со господинот Манасијевски, напишано во прогрмата на ВМРО ДПМНЕ со која ја доби довербата на граѓаните и се надевам дека и пратениците на ВМРО ДПМНЕ, пред се оние од поблиската струка кон оваа област ќе го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе.

Навистина немав намера посебно да дискутирам по амандманите, меѓутоа, слушајќи ги дискутантите кои само до пред три месеци беа или министри во владата или видни истакнати пратеници од владеачкото мнозинство и можеа овој закон и ваков закон да го предложат пред три месеци. Сега откако излегоа од Владата гледам дека добиле идеи, дека се конструктивни и предлагаат измени кои ќе придонесат и за развој на информатичко општество и за развој на земјоделие итн., а само пред пет месеци пак имавме и една измена од група пратеници од различни политички партии меѓу коли и од ВРМО ДПМНЕ со предлог за измена на Законот за ДДВ во однос на третирањето на отпадните води, кој оваа Влада за разлика од претходната го прифати и сега отпадните води ќе бидат одданочени со повластена даночна стапка од 5%. Затоа, мислам дека треба да престане овој еден вид популизам, затоа што многу е рано за да продавате популизам. Господа, до пред три месеци бевте во Владата, некои министри некои како пратеници на владеачкото мнозинство и имавте можност да ги реализирате сите овие зборови кои сега ги кажувате. Што ли ќе биде само после шест месеци или после една година кога малку ќе се заборави она што го работевте. Меѓутоа, сега е навистина многу краток период за да може да се заборави што се правевте како Влада, а сега после месец-два мислите дека тотална амнезија добиле граѓаните на Република Македонија, па и ние овде како пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Се согласувам со господинот Китановски, ВМРО ДПМНЕ е мајстор за популизам и тој веројатно најдборо го знае тајмингот кога се почнува со популизмот. Затоа веројатно е во право кога вели дека е рано сега за популизам. Ќе го послушаме и ќе го оставиме тоа за крај.

За среќа, не е тој што ги оценува работите и квалитетот на луѓето во Македонија. Светските показатели покажуваат дека Македонија за 30 места напредна на светското скалило во развој на информатичката технологија во изминатите четири години. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, господо предлагачи,

Искрено, сакам позитивно да размислувам во однос на овој амандман кој е предложен од колегите од пратеничката група на Либерално демократската партија и така ќе настојувам да дискутирам, меѓутоа, уверен сум дека сите овие амандмани кои се поднесени во однос на овие измени во Законот кој е денес на дневен ред, гледам политички причини. Гледам дека барем во овој амандан, за кој јас се решив позитивно да гледам, има чесни намери од колегите пратеници и затоа сакам она што и претходно колегата Илија Китановски го кажа да го потврдам дека бевме заедно во претходната Влада до извесен период, имавме шанси тоа да го направиме, ова да го напрвиме, меѓутоа не го направивме. Од за мене не познати причини тоа не го направивме и еве сега пред нас има еден ваков предлог.

Моето позитивно размислување ќе го поткрепам и со фактот дека јас и еден мој колега кој седи од вашата страна сега во моментот имавме една иницијатива за воведување информатика во основно образование од најрана возраст и таа идеја не ни помина. Меѓутоа, верувам дека ова се искрени намери за да се компјутеризира комплетно нашето општество. Знам дека сега во овој момент на вас како опозиција ви останува во однос на овој закон да поднесете еден ваков амандман, кој е навистина интересен за разгледување а и примамлив да се гласа.

Јас затоа се одлучив овој амандман да го поддржам.

Мојот скромен допринос по однос на овој амандман е што јас можам мојот глас да го дадам за, бидејќи има една таква иницијатива со мојот колега, кое не помина. Меѓутоа, не сакам да должам, на крајот сакам да ви кажам и по однос на овој амандман и по однос на наредниот амандман, кои се слични користете го и овој аргумент, бидејќи изнесовте многу аргументи. Пред извесно време бившиот премиер се сликаше помпезно во Португалија со главниот директор на Мајкро софт и рече дека Република Македонија во 93% е покриена со безжичен интернет. Јас не знам за каков податок, а вие не е лошо да го користете тој податок. Благодарам, мојата поддршка за овој амандман ја имате.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине претседателе,

Не е работата дали зборува позицијата или опозицијата, Светското здружение на асоцијација на АЈТ компании, значи не зборуваме за локална компанија, локална асоцијација, невладина организација, зборуваме за Светската асоцијација за сите АЈТ компании од цел свет и додели на Македонија за решенијата за безжично поврзување на Владата на Република Македонија. Тука ние можеме да реплицираме цел ден, но тоа е факт, од тоа не може никој да избега. Останува запишано во трагите дека Светската асоцијација Бица наградата за безжично поврзување на Македонија, бидејќи целосно е тоа завршено да го додели на Владата на Република Македонија, не е битно кој бил во Владатга, на Владата на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Му благодарам на колегата Јани Макрадули, меѓутоа јас бившиот премиер, не реков координатор на тогашната пратеничка група на СДСМ.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници против гласале 47, 2 воздржано и 14 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 9 по точката 8 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски под архивски број 07-3108/5.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 9 по точката 8 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски под архивски број 07-3108/5.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Зоран Ставрески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Јован Манасиевски. Повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседател,

Навистина повторно сум изненаден што Владата не го прифаќа амандманот. Амандманот се однесува на воведување на повластена даночна стапка за интернет услугите. Значи, намалување од досегашните 18% на 5%.

Ова навистина ме збунува и не ми е јасно, затоа што повторно во програмата на премиерот стои дека ќе воведе времено користење на бесплатен интернет на територијата на целата држава, страница 31. Тој времен период е специфициран во предизборната програма на стожарната владеачка партија на период помеѓу 6 и 12 месеци.

Споредено со ова што го нудиме во амандманот јасно е дека дури нашиот амандман е скромен, затоа што предвидува само намалување на 13% на даночното оптоварување. Ова што ни беше понудено во владината програма всушнот говори за комплетно бесплатно недискриминативно

користење, значи, и за физичките лица и за стопанските субјекти. Така што јас навистина сум изненаден од ставот на Владата.

Колку е значајно со сите можни механизми да се побара бенетрација на интернетот мислам дека е депласирано веќе да се зборува, само би го дал последниот податок кој што доаѓа од истражувањето што го спроведе САД во месец април оваа година, каде што е установена стапка на бенетрација на интернет од 27%.

Да ве потсетам до, само пред две години таа стапка беше под 2%, така што се работи за исклучителен раст, меѓутоа тој е сеуште многу скромен и тој е сеуште многу далеку од бројката што би требало нас како општество да не направи задоволни. Оттаму, многу е значајно и за економскиот развој и за подигање на вкупните образовни стандарди вакви системски мерки на олеснување на интернет пристапот да бидат поддржани. Плус тоа самото администрирање на ова намалување нема да предизвика посебни пречки, затоа што и сега во сметките што ги добиваат граѓаните и стопанските субјекти фактурирањето на интернет услугите е посебно и јас сум убеден дека една ваква мерка драстично би го зголемила времето на користење на интернетот и кај стопанските субјекти и кај физичките лица, особено кај помладата популација, а со тоа драстично и нашите шанси за фаќање чекор со современите информатички технологии.

Оттука уште еднаш би апелирал, но да дадам уште едно појаснување бидејќи се работи за група од три амандмани, за персонални компјутери интернет услуги и апликативен софтвер и ние како предлагачи се определивме да ги поделиме токму со цел да и создадеме на Владата простор ако нема доволно буџетски капацитети да не ги прифати во пакет, туку барем еден од овие елементи одбере и барем на еден од овие елементи, а интернет услугите се најподатливи ја прифати оваа иницијатива на пратеничката група на ЛДП. Токму заради тоа вака се поделени овие три амандмани, иако пологично би било да бидат во една целина.

Значи, се работи за повластено оданочување на интернет услугите и јас молам сите колеги пратеници уште еднаш да го разгледаат и да ја дадат својата евентуална поддршка за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Ќе се приклучам во подршката на овој амандман и во име на пратеничката група на СДСМ искрено очекував и јас дека ова ќе биде амандманот кој што Владата ќе се определи да го прифати од сите понудени, со оглед на проекцијата на Буџетот во годината на која сме при крај, од проста причина што и тоа беше најавувано, имаше еден квази бесплатен обид пред кампањата за бесплатни интернет услуги. На крај краишта поефтино ќе му беше и на ВМРО-ДПМНЕ да ги плаќаше тие интернет услуги према компанијата што им го овозможи тоа, бидејќи ќе беше намалена даночната стапка од 18% на 5%.

Мојот почитуван и господин заменик на Владата, господинот Ставрески кажа во образложението, во одговорот на единствениот амандман што го даде од експликација дека такви се европските директиви односно одредени ставки во однос на земјоделските продукти, односно да не се шири лепезата на ставки кои што би претрпеле намалување на даночната стапка од 18 на 5% и се надевам дека ќе го прифати овој амандман имајќи го предвид сето она што се случувало утрово на Комитетот за стабилизација и асоцијација во духот на предложените измени на Законот за електронски комуникации и каков е јасниот став на Европската комисија кон ова прашање. Мислев дека ќе се обиде малку и Владата да ги амортизира критиките што сабајле на Комитетот за стабилизација и асоцијација ги искажаа претставниците на Европската комисија со еден чекор кои што граѓаните ќе осетат олеснување во решавањето на овој проблем, односно високите цени кои што, многу пати сум зборувал не се високи цените на интернет услугите, лошо е кога тоа ќе го направите преку некој од телекомуникациските оператори па таму ќе ви се додаде и друга цена плус. Затоа апелирам до пратениците да го прифатат овој амандман и да гласаат за. Се надевам дека ќе успееме да се приклучиме во поддршката кон пратениците од ЛДП кои го предложија овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Данаил Дончев. Повелете.

**Данаил Дончев:** Навистина сум изненаден од некои од настапите од пратеничката група на СДСМ. Ваков популизам мислам дека одамна не е виден во овие простори. Мислам дека дневниот ред денеска беше со цел да се разгледаат одредени измени и дополнувања во Законот на ДДВ, кои се однесуваат за одредени земјоделски производи и тука прифаќам дека имате право да предложите други предлози во тој контекс, но мислам дека навистина е цинично во најмала рака да се зборува за овие теми што сега се наметнуваат кога навистина имавте простор и време тоа многу поодамна да се направи, како што впрочем треба да се направи.

Се согласувам дека има добри идеи во нешто од ова што е искажано, но ако не се лажам мислам дека на дневен ред на оваа седница меѓу другото е и Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации и лично мислам дека треба да се даде шанса на новата Влада да направи севкупна стратегија за тоа како ќе се одвива оваа дејност понатаму, меѓу кои сум сигурен дека ќе се најде и некој од овие предлози што денеска ги слушнавме, но мислам поединечно да се настапува кон одредени измени

во телекомуникацискиот сектор е неправилно, треба да се чека да се донесе севкупна стратегија за тоа како ќе се развива овој сегмент во иднина. Јас очекувам и се надевам дека тоа ќе биде на дневен ред на оваа седница многу брзо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, од кои 17 за, воздржани нема и 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 9 по точката 8 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски под архивски број 07-3108/5.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нова точка 9 по точката 8 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски под архивски број 07-3108/6.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Зоран Ставрески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Јован Манасиевски.

Повелете.

**Јован Манасиевски:** Дозволете ми уште еднаш господине претседател како пратеник да го изразам своето незадоволство што претставникот на Владата не дава никакво образложение зошто не го прифаќа амандманот.

Елементарно што може да се очекува е да се даде образложение за евентуалните последици на приходната страна и тн., меѓутоа вака без никакво образложение да се одбива амандманот мислам дека не е во ред и за почитување на пратениците а и за инстуцијата законодавен дом.

Амандманот се однесува на воведување на повластена даночна стапка за апликативните софтвери. Ова прашање е исклучително значајно затоа што директно влијае во процесот на воведување на новите технологии во работењето на стопанските субјекти.

Исто така, овој амандман е многу значаен и од друг аспект кој што веќе чука на врата и за кој што веќе од Европската унија не опоменуваат. Имено тоа е борбата против пиратерија. Ефикасна борба против пиратерија во оваа сфера не може да има доколку максимално не се намалат сите даночни оптоварувања. Така што, токму намалувањето на даночните оптоварувања е единствена реална системска мерка со која што ќе може да има ефикасна борба против пиратеријата, а пиратеријата во делот на апликативните софтвери е за жал прилично присутна.

Исто така, уште еден аргумент во прилог на прифаќање на овој амандман е тоа што со воведувањето на нови апликативни софтвери, лиценцирани се постигнуваат и големи заштеди во работењето. Тое е веќе евидентно и од искуствата на други држави, а и од искуствата на нашата држава и во делот на администрацијата и во делот на стопанскиот сектор, така што прифаќањето на овој амандман не е само што не би предизвикало последици на приходната страна, туку напротив со преориентирање, со шифтување на корисниците за тоа да користат легален софтвер, лиценциран софтвер со кој што ќе остваруваат подобри стопански резултати би придонело и за подобро полнење на буџетската каса. Така што, навистина не ми е јасно зошто Владата не го прифаќа, а како што кажав не е добро и од процедурални и политички причини амандманите да се одбиваат без никакво образложение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Славица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе,

Се јавувам да ја искажам својата поддршка и поддршката на пратеничката група на СДСМ по повод овој амандман заради тоа што сметам дека е исклучително важен особено во овој период и заради тоа што сметаме дека нема да има посебни фискални импликации по буџетските средства.

Зошто сметаме дека е важен.

Ако сите декларативно сме се определиле за развој на информатичка технологија и за нејзина примена, ако веќе постојат идеи дури и за креирање на такво министерство, ако сме согласни дека образованието е еден важен сегмент и за економскиот развој на државата, меѓутоа и за развојот воопшто, тогаш би требало да ги формираме сите предуслови за тоа.

Ако во предизборната кампања и во партиските програми на речиси сите политички партии, вклучително и на ВМРО-ДПМНЕ се заложиле за компјутеризација, за бесплатен интернет, за масовни обуки, за работа со компјутери, интернети, програми за канцелариско работење и пристапни цени за набавка на нова или половна компјутерка опрема, тогаш за мене е неразбирливо одбивањето на претходните амандмани, заради тоа што рокот кој што си го дава ВМРО-ДПМНЕ како и сите учесници во нејзината Влада кои што се обврзаа да ја спроведуваат нивната програма е неразбирлив заради тоа што особено апликлативниот софтвер има посебна улога од тој аспект.

Доколку сакаме и да гледаме само од аспект на образованието, да не ги тангираме другите делови, доколку сакаме да имаме успешно информатичко образование, доколку сакаме да го гледаме тоа не само од аспект како што ВМРО-

ДПМНЕ го направи во нејзината програма со прокламирањето на кампања "Ајде да сурфаме бесцелно", тогаш би требало да има вакви бенефиции, заради тоа што апликативните софтвери би требало да бидат прилично достапни по прифатливи цени и да бидат составен дел за секој наставен предмет, би требало да бидат лесно достапни и за сите останати категории на граѓаните заради тоа што на тој начин многу полесно ќе го спроведеме она за што како држава сме се заложиле како партиски субјекти сме зе заложиле сите а тоа е побрз развој на информатичката технологија и информатичката писменот во Република Македонија.

Затоа апелирам до парламентарното мнозинство во најмала рака да ја почитува Програмата која што се обврзала дека ќе ја спроведува во овој мандат и со рокови кои ги превиделе во Програмата и да го поддржи овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Кратка реплика. Имплицирано е во изминатите два часа Програма, Програма, Програма. Еве јас ќе се заложам утре да ја добиете по пошта сите да ја прочитате и да видите дека никаде не е напишано дека за три недели ќе се оствари сето она што не успеавте да го направите во изминатите 4 години. Ќе имате и време, и прилика и можност да видите како се реализираат ставките предвидени во Програмата и се надевам дека ова што го кажувате сега ќе го покажете при гласањето за Министерство за информатичко општество.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Сакам само да потсетам дека ние не бевме во можност да реализираме многу работи за кои што бевме свесни дека треба да се реализираат, заради тоа што од 1998 до 2002 година вие не ни оставивте добра стартна основа да можеме да дискутираме за разни програми, туку комплетно празна буџетска каса, која што требаше нормално, да се стабилизира. Јас не реков дека треба во три недели да го исполните тоа што сте го ветиле, меѓутоа велам дека дел од роковите кои што се во Програмата се однесуваат на овој период и очекувам да ги почитувате, особено ако, како што ќе повторам, нема посебни фискални импликации во Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеника, против гласале 57, воздржани нема, 16 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во воведната реченица за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасијевски, под архивски број 07-3108/6.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Јован Манасијевски и Андреј Жерновски под архивски број 07-3108/7.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Зоран Ставрески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе. Ако другите амандмани за кои што велевте дека не се прифаќаат заради тоа што не се поврзани со темата која што е, односно со проблемот во земјоделството, овој амандман очекував да биде прифатен затоа што е поврзан токму со земјоделството.

На почетокот морам да кажам ме зачудува што така преќутно парламентарното мнозинство поминува преку овие амандмани и можам да толкувам, или им забранија да зборуваат после претпладневната седница, или пак се согласуваат во целост со она што ние го дискутираме. Мислам дека многу повеќе е ова второто дека се согласуваат со ова што ние го дискутираме. Најголем проблем на земјоделците во Република Македонија претставува пласманот на нивните производи, односно продажбата и откупот на земјоделските производи. Ако се зафатиме со тој проблем, тогаш ќе влеземе во суштината на проблемот на земјоделството, а не само со фингирање и залажување да кажуваме дека ќе вршиме суштински проблеми. Затоа го предложив овој амандман, кој што и тој не значи многу за земјоделците, но е во позитивна насока, а тоа е амандман во кој што предлагам пазаришната такса на зелените пазари, наместо сегашните 18% да биде оданочена со повластена ставка од 5%. Морам да ви кажам ако претпладне ни кажувавте зошто ги зголемивте ставките од 5 на 18%, за претходните три амандмани кои што ги образложуваше господинот Манасијевски и со овој амандман не ги зголемивме ние, туку ги зголемивте вие, односно кога беше министер господинот Никола Груевски. Пазаришната такса кога постоеше данок на промет, дел од пазарите не ја плаќаа. Со воведувањето на ДДВ се воведе и 18%, тоа е кога беше господин Груевски министер за финансии тогаш беше 19, па ние ја намаливме на 18%. Затоа сметам дека со намалување на ставката на ДДВ за пазаришната такса од 18% на 5%, ќе се постигне намалување на продажната цена на земјоделските производи, кои што се на зелените пазари, а со оглед на тоа што токму земјоделците преку плаќањето на пазаришната такса го плаќаат ДДВ, тоа им ја зголемува ценатa на нивните производи. Ќе добиеме двоен ефект. Од една страна ќе добијат

земјоделските производители, со намалување на нивната продажна цена, од друга страна ќе добијат сите граѓани на Република Македонија со купување на поефтини производи, односно земјоделски производи на пазарите. Инаку, ова е во правец на образложението што го дава Владата на Република Македонија при овој закон, бидејќи ќе нема драматично намалување во однос на приходите од ДДВ. Само да напоменам, јас не знам за другите пазари. Битолскиот пазар некаде околу три милиона денари плаќа по основ на ДДВ за една година. Така да, некаде околу 30-тина милиони, а ова се мои слободни проценки, не знам за останатите пазари, покажуваат дека би биле намалени приходите на Буџетот на Република Македонија, а од друга страна навистина, еве ако сакате токму на земјоделците да им помогнете, ако за другите амандмани не гласавте, за овој амандман очекувам парламентарното мнозинство да го поддржи, бидејќи се однесува токму за земјоделците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 16 гласале за, 2 воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во воведната реченица за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Јован Манасијевски и Андреј Жерновски под архивски број 07-3108/7.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор пратеникот Марјан Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе, јас се јавувам да се обратам директно до потпретседателот на Владата, односно заменик претседателот на Владата. Бидејќи во дискусијата што ја имав претходно дадов неколку предлози кои требаше да бидат на некој начин слушнати од страна на Владата и евентуално Владата амандмански да реагира.

Во тој контекст, ќе се повикам на Извештајот од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, каде што во еден од заклучоците стои дека Комисијата со 4 гласа "за" и 3 "воздржани", препорача на Владата на Република Македонија, доколку смета дека е потребно на седницата на Собранието на Република Македонија на која ќе се разгледа овој закон, да предложи амандман на член 1 став 1 за додавање на десет нови точки од точката 8 кои гласат:

Точка 9 да биде добиточна храна и компоненти за добивање на добиточна храна.

Точка 10, крупен и ситен добиток од квалитетни раси со докажано потекло.

Точка 11, семе, оплодени јајца клетка и ембриони.

Точка 12, машки и женски хибридни пилиња.

Точка 13, ветеринарни лекови.

Точка 14, вакцини и серуми за употреба во ветеринарната медицина.

Точка 15, средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Точка 16, ветеринарни услуги во терапии и превенции на болестите кај домашните животни.

Точка 17, системи за наводнување капка по капка и

Точка 18, шумско селекционирано семе и посадочен материјал.

Јас би сакал од страна на претставникот на Владата, односно заменик претседателот на Владата да добиеме одговор дали ќе се произнесат по овој предлог на ВМРО Народна партија кој е вграден во Извештајот од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван господине вице премиер, сакам само со неколку реченици, во поглед на тоа што цел ден веќе расправаме по амандманите поднесени од пратеничката група на ЛДП, да го изнесам нашиот став по однос на законот. Уште при гласањето за предлогот за донесување на законот мислам дека беа 74 пратеници сите гласаа за и со тоа опозицијата во овој Парламент покажа дека е конструктивна, кога се работи за закони кои би носеле придобивка за граѓаните на Република Македонија.

Но, веднаш после тоа се покажа она тврдење кое што го имав на почетокот на дискусијата по Предлогот за донесување на законот, дека навистина Предлогот за изменување на законот на ДДВ е само обична шминка и политички трик. Времето ќе го покаже тоа и ќе видиме кои ќе бидат придобивките.

Самата расправа покажа дека треба да се донесе овој закон,но истовремено, самата расправа покажа дека има потреба од посуштински реформски зафати во даночната политика во правец на намалување на ДДВ и во други области. Реков дека тоа го потврди и расправата за поднесените амандмани од страна на ЛДП, затоа што ниеден пратеник, било од позиција било од опозиција не искажа позитивност по однос на предложените амандмани, но единствениот проблем сметам дека беше, потврдија дека тоа се добри амандмани, но проблемот беше дека се предложени токму од пратеничката група на ЛДП или во овој случај од опозицијата.

Јас се надевам дека, како што ние од опозицијата го надминавме тоа да не е битно од кого е предложен одреден закон, но битно е дали е

добар и дали за граѓаните ќе има позитивност. Се надевам дека ќе смогнете сили и вите колеги од позицијата да ги поддржувате таквите амандмани и ваквите предлози на закони од страна на опозицијата. Верувајте ми и јас како пратеник кој што бил и во позиција и во опозиција го сфаќам вашето однесување. Јас сум убеден дека вие како пратеници ги поддржувате и се согласувате со сите наши амандмани. Но, истовремено ве сфаќам и го знам и тоа дека не можете да ги прифатите само заради тоа што тоа е став на Владата. И за таквото ваше однесување имам разбирање. Но, се надевам дека вие критикувајќи не нас ќе соберете сила во иднина да не биде така. Јас, сакам да се заблагодарам на Владата што го прифати оној единствен амандман кој што го имав поднесено, кој се однесуваше на отпадните води и на канализацијата во Битола и еве, ќе смогнете сили 10 милиони денари кои ќе бидат помалку во касата на државниот буџет да изнајдете надополнување. Истовремено, сакам да кажам дека ние како ЛДП ќе гласме за овој закон, но нема да престанеме во иднина за амандманите кои што ги имавме предложено да предлагаме измена на законот и убеден сум дека дали побрзо или подоцна вие тоа ќе го прифатите. Но, исто така, не сакам да верувам дека овие амандмани, или во насока на овие амандмани ќе предложите измени пред парламентарни избори. Тоа е својствено за господинот Груевски. Секогаш на крајот на мандатот предлага закони со кои обврски дава на оние што доаѓаат после него. Се надевам дека за краток период со оглед на тоа што се веќе проекциите за буџетот за следната година за дел од овие амандмани кои што ние ги предложивме ќе имаме предлози од самата Влада без разлика дали ќе бидат од Владата тогаш јас и пратеничката група на ЛДП тогаш ќе ги поддржиме. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Ќе се изјасни ли Владата во однос на предлозите на пратеникот Додовски?

**Зоран Ставрески:** Самиот заклучок на Комисијата е Владата доколку смета да предложи амандман. Со оглед дека Владата не се јави за збор, сметам дека е јасно.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе. Предлогот на ВМРО Народна партија беше овие измени кои Владата ги најавува во Законот за ДДВ, кои се однесуваат на земјоделието дека само целосно, т.е. интегрално ќе биде опфатена проблематиката од сферата на земјоделието, дека е направен пропуст во однос на дадените предлози во делот на измените на овој закон и дека додавањето на овие 10 точки како плус на овој член, ќе значат интегрална поддршка на земјоделецот и на некој начин целосна поддршка на македонското земјоделство, за развојот на македонското село и едноставно, враќањето на достоинството на земјоделецот. Не гледам причина зошто добиточната храна би била исклучена од овој закон, зошто ветеринарните услуги би биле исклучени, понатаму средствата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација кои на некој начин упатуваат едни на други со претходните предложени измени. Верувам дека со прифаќањето на овој наш предлог, придонесот за заздравување на македонското земјоделие ќе беше целосно.

Во овој случај можеме да зборуваме само за сегментарна поддршка на македонскиот земјоделец и верувам дека набргу ВМРО Народна партија ќе излезе со свој предлог, доколку Владата на Република Македонија не ги прифати овие забелешки за измени и дополнувања на овој закон токму во овој дел и по овие точки, а верувам дека ќе предложиме измени и во други ставки, односно во други области по овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, почитувани пратеници, јас уште еднаш сакам да го искажам нашето мислење.

Ние имеме овде пред нас една законска интервенција многу корисна, потребна, неодложна и треба да го усвоиме што побрзо законот и ако може едногласно да го усвоиме, бидејќи е во согласност со ветувањето скоро на сите во предизборната кампања. Тоа е една работа.

Втора работа е дека добро е што не се нафативме ова да прерасне во општа расправа за тоа како да го поддржуваме земјоделството. Оваа интервенција е само во секторот на ДДВ. Владата, очекуваме во својата економска политика која ќе ја утврди за идната година и крајот на годината, да ги каже и другите мерки како ќе го поддржи земјоделството и неговиот развој и како ќе се одвива неговата економска ситуација, неговата положба. Земјоделството е многи исцрпено и сигурно е потребно повеќе за тоа да се подготви и не беше ни за очекување сега сето тоа да се расправи и сите тие аспекти што Владата приоѓа на ревиталазација на селото и обнова на аграрот, сега да се претресува. Затоа, некои од амандманите, да речеме, во секторот на ветерината, сточарстовото, шумарството можеби не се сега така сектори од ресорот земјоделство, не се покриени ни со амандманите ни со законот. Меѓутоа, очекуваме дека тоа ќе се направи кога ќе расправаме и за Буџетот и за економските политики, кои фактички ќе ги презентира Владата.

Затоа, уште еднаш го изнесувам нашето убедување дека ова е една правовремена интервенција и дека дел од ова веќе ќе помогне сега при есенската сеидба, дека луѓето ќе можат и увозниците исто така ќе знаат да се приспособат за да можат полесно да ги совладаат тешкотиите финансиски со кои што се среќаваат. Еден дел од земјоделските производи со години не се плаќаат, оние кои ги откупиле не им ги платиле, ги исцрпиле луѓето. Со ова се олеснува малку

положбата. Колку Владата во овој момент може да го направи, тоа го прави и очекуваме понатаму сите наши прашања што ги поставуваме овде, со другите мерки во друго време наскоро до крајот на годината да бидат обелоденети и за нив да се изјаснуваме. Ќе гласаме за законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господинот Веле Митановски.

**Веле Митановски:** Благодарам почитуван претседателе

Јас уште во општата расправа кажав дека еден од амандманите, последниот за пазаришната такса ќе го поддржам и го подржав. Очекував Владата дека исто така ќе го поддржи, бидејќи влегува во тие земјодолски импути. Така беше и јас гласав консеквентно во поддршка, а ова колку за информација на господинот Најдовски дека не е точно оти позицијата, нивната конструктивност не ја цени и за господинот Макрадули дека навистина ние овде не правиме пропаганда и програми, туку ако е нешто вредно и од опозицијата, ќе го поддржуваме и во иднина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, сакам колегата Витановски кој е овде нов да го успокојам, многу да не се вознемирува опозицијата како и што настапува од проста причина што и ова е сега доказ оти опозицијата, штом некој ќе стане опозиција веднаш повеќе гледа. Додека е во Владата не му се гледа толку добро и тука има една опасност народот да не те бендиса во опозиција, па да те бира за опозиција. Да не се претерува за ни како опозиција ни како Влада.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има госпоѓата Јаневска Весна.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, предлог законот што беше поднесен до Собранието, без да ја помине собраниската процедура да биде разгледан на комисиите и беше ставен. По интервенција на некои од пратениците, побаравме предлог законите кои Владата ги носи или ги доставува до Собранието да ја поминат процедурата по Деловникот да бидат разгледани на комисиите. Поради тоа, беше и одложена седницата, како што се сеќавате, и комисиите си ја завршија својата работа. Јас сум длабоко убедена дека претставникот на Владата во овој момент го читаше предлогот од Комисијата за земјоделство за дополнување на законот кој се однесува на земјоделскиот пакет. Бидејќи немаше владина седница денес е таа, а Комисијата беше одржана вчера, тие немаа можност да го разгледаат предлогот од Комисијата за земјоделство и да се изјаснат. Така, сметам дека одлуката на вицепремиерот е лична и дека уште еднаш Владата треба да се преиспите во однос на она што помина на Комисијата, а беше предлот на ВМРО Народна партија.

Навистина накратко, ќе се обидам да се задржам само на неколку точки без да го повторувам она што во општата расправа го кажа пратеникот Марјан Додовски.

Почитувани пратеници, кампањата штотуку заврши, изборите беа на 5 јули, така што искрено се надевам дека вие се сеќавате она што го преживеавте пред два месеци. Бидејќи беше обврска на кампањите да ја помината и да ја кажат лично на граѓаните кои се нивните ставови и која е програмската определба на соодветната партија, јас од лично искуство, некаде и се среќаваме, знам дека голем број од вас поминаа по ругалните средини на Република Македонија. За жал, Република Македонија не е високо индустриска земја, напротив, таа, главно, е аграрна земја и во тоа нема ништо лошо, а вие почитувани пратеници пред само два месеци можевте да ги видите нашите руални средини. Ве потсетувам дека сите заедно поминувавме општини, села и населени места, каде што со свои очи можевме да ја видеме сиромаштијата која владее во руалните средини на Република Македонија. Значи, не станува збор за никаков пристоен живот на македонскиот селанец, а уште помалку за било каква заработувачка на македонскиот селанец односно земјоделец. Станува збор за гола борба за живот и преживување на семејствата на земјоделците во Република Македонија.

ВМРО Народна партија се изјасни дека го подржува овој закон, затоа што тоа беше и дел на нашата политичка програма и отпечатен во нашата програма и апсолутно сметаме дека е голем успех на Владата што го предлага како прв од своите закони. Но, сметам дека навистина сериозно треба да ги разгледа точките кои ние како партија ги предложивме, а Комисијата за земјоделство ги поддржа што се однесуваат на добиточната храна, крупниот и ситен добиток, семе од оплодени јајца, јајца клетки, ембриони, машки и женски хибридни пилиња, ветеринарни лекови, вакцини и серуми за употреба во ветеринарната медицина, средства за дезифекција, дезинсекција и дератизација, ветеринарни услуги во терапии и превенции на болестите кај домашните животни, системи за наводнување капка по капка и шумско селекционирано семе и посадочен материјал.

Ќе ми дозволете да се осврнам само на ветеринарните услуги во терапија и превенција на болестите кај домашните животни, една од трите точки за кои сакам да дискутирам. При секоја интервенција од страна на ветеринарниот лекар, сопственикот на домашното производство плаќа 18% за услуга и 18% за ветеринарни лекови и лековите средства или вкупно сопственикот на домашното животно плаќа 36%. Од овие причини скапите интервенции сопствениците не можат да ги платат, па ветеринарото се повикува во крајната фаза кога добитокот е веќе пред смрт.

Затоа, кога би се намалил ДДВ тогаш би се плаќало 5% за услуга и 5% за ветеринарни лекови

со што сопствениците би плаќале вкупно 10%. На овој начин контролата на здравјето на домашните животни ќе биде редовна, постојана и квалитетна, а се во функција на здравјето, не само на добитокот, туку и на луѓето за здрава храна, здрава животна средина како и спречување на контрола на зоонозите и друго. Не случајно почнав со ветеринарната работа односно зачувување на здравјето на животните, затоа што на сите ви е сосема јасно колку е страшна состојбата со сточниот фонд во Република Македонија. Доколку воопшто ги имаше во изминатиот период на крајот од 4 годишното владеење на претходната власт тој е редуциран на минимум и речиси пред минимум што јас со свои очи можев да го видам. Семејствата кога и во минатото имале традиција да одгледуваат добиток, поради скапоста на храната, поради скапотијата на ветеринарните услуги и ветеринарните лекови се приморани да се сведат единствено на она што е за домашна употреба.

Втора точка за што би сакала да продискутирам во врска со овој закон и она што сметам дека Владата треба секако да го прифати е секако системот за наводнување капка по капка. Со оглед на тоа што со класичниот начин на наводнување се трошат големи количини на вода, ако ја немаме доволно, а често пати се надополнува со пивка вода, значи вода за пиење за луѓето и на добитокот, а при тоа со таквиот начин на наводнување неповратно се изливаат хранливите материи од почвениот слој, а се губи исто и од хуманиот хоризонт, исто така неповратно се губи дел од хумусот, наводнувањето во системот капка по капка претставува најрационално решение. Имено со ваков начин се врши оптимално наводнување и задоволување на растенијата со вода, а водата се штеди и сепак се добиваат одлични придонеси. Ова треба да преставува стратегија на Владата на Република Македонија за водостопанисување на ваквиот систем и за водоснадбување на земјоделското земјиште.

Едно од исто значајните точки за кои исто би сакала да продискутирам и да го замолам претставникот на Владата сериозно да размисли, а во иднина и да се почитува процедурата на Собранието или Деловникот е шумското селикционирано семе и посадочен материјал. Селикционираното семе, новите хибридизирани форми со брзо растечки карактеристики придонесуваат во зголемувањето на продукцијата на дрвената маса. Подобрувањето на квалитетот на технолошките својства на дрвените видови со што директно се инвестира во држливиот развој на шумарството и зголемувањето на шумскиот фонд по површина и квалитет. И ова не случајно го кажувам затоа што на сите ви е познато дека во Македонија навистина настанува проблем со шумите. Основниот проблем всушност е во сиромаштијата кога земјоделското или селското население од неопходна потреба за гол опстанок неконтролирано ги сече шумите за да ги искористи најчесто за огрев, но некогаш и по потреба за мебел во своите домови. При тоа квалитетот на шумата која не е обновена многу години, а за кои минатата влада не се сеќавам дека имаше многу голем слух е намален.

Исто така голем број пожари што се случуваа не само оваа и минатата година допринесоа за намалување на дрвото како резервоар за огрев и други потреби во државата.

Значи, уште еднаш, сметам дека земјоделците имаат право на достоинствен живот и на пристојна заработувачка од она што макотрпно и секојдневно го работат. Ова што ВМРО Народна партија го предлага воопшто не отстапува од пакетот земјоделски или од потребите на земјоделецот, не се однесува на информатичкото општество, не се однесува на здравство и Владата смета дека треба да се произнесе во поинаков правец. Доколку тоа не се случи, како што веќе кажа пратеник од нашата партија, ние ќе бидеме приморани во блиска иднина да побараме повцорно изменување и дополнување на Законот за ДДВ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 71 пратеник гласал за, воздржани нема, против 3.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност.

Со оглед на писмото кое го добивме пред малку од страна на Владата во кое пишува дека Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го одложи од 4-та седница на Собранието предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, со Предлог закон, преминуваме на точка 7.

Пратеникот Жерновски има процедурално.

**Андреј Жерновски:** Претседателе, јас би сакал да го искористиме присуството на потпретседсателот на Владата кој може да го каже ставот на Владата во врска со ова писмо. Инаку, воопшто не е прецизно судбината која што Владата ја налага на оваа точка која што требаше да ја разгледаме, бидејќи е точно според Деловникот дека Владата има во секое време право да ја повлече точката. Меѓутоа, како што и сама кажа, Владата бара да го одложи. Тоа е сосема нејасен термин. Значи, уште еднаш бараме што е судбината со овој дневен ред за да знаеме како да постапуваме во однос на точката, бидејќи терминот да се одложи е тотално е нејасна работа.

**Љубиша Георгиевски:** Според мене, терминот да се одложи е за една од наредните седници.

Дали ќе се произнесе претставникот на Владата.

**Зоран Ставревски:** Писмото на Владата значи дека точката се повлекува од оваа седница.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Претпоставувам дека зборуваме за точката што под итност ја утврдивте вие дека е итна и мислам дека за таа точка зборуваме што сега пак се повлекува или одложува, што е нејасно. Но, без разлика, бидејќи сакате да поминете на точката 7 ние се спремавме да зборувавме по точка 6. Во овој момент мислам дека не е упатно да продолжиме да расправаме бидејќи **пратеничката** група што е овде делот е спремна да зборува за обидот за упад во законот во Комисијата за електронски комуникации. До колку пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сака да работи, тогаш ние сме спремни да побараме пауза од еден час, па да продолжиме за дополнителни колсутации. Ова го предлагаме, бидејќи ние се спремавме за друга точка од дневниот ред, што под итно ја утврдивте вие дека е многу итна.

**Слободан Најдовски:** Со оглед на тоа што господинот Макрадули побара пауза, јас само сакам да интервенирам чисто процедурално, господине претседателе. Ова Собрание работи по Деловник и ве молам по кој член во Деловникот постапивте онака како што постапивте по однос на претходната точка. Да се одложи од расправата на 4-та седница на Собранието. Може да го повлече законот, а ако го повлекува нека ни каже дека го повлекува.

**Љубиша Георгиевски:** Па, го чувме претставникот на Владата.

**Слободан Најдовски:** Без нервози, го повлече законот од оваа седница дали го повлекува законот целосно од собраниска процедура или го повлекува од оваа седница. Има разлика во тоа. Ве молам, претседателе, вие можете да се смеете колку што сакате.

**Љубиша Георгиевски:** А вие можете да молчите колку што сакате, затоа што опструирате.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, да не ме прекинувате. Овде се работи со стенограми, овде има Деловник, овде останува се во архива и не е смешно ништо. Јас поставувам чисто деловнички, ве молам, тогаш да го повлечат ова писмо затоа што некои некогаш во оваа архива ќе дојде да гледа како се работело.

**Љубиша Георгиевски:** Само пред две минути претставникот на Владата, вицепремиерот Ставревски рече дека го повлекува Владата од оваа седница, а вие тоа не го чувте

**Слободан Најдовски:** Ве молам, зошто сте толку нервозни, претседателе, дозволете да се изјасниме.

**Љубиша Георгиевски:** Јас не сум воопшто нервозен, ова е процедурално.

**Слободан Најдовски:** Дозволете да завршам, па ако имате нешто да кажете, слободно кажете, ве молам. Јас само сакам да ви укажам дека не работите согласно Деловникот и ова писмо не личи на ништо, а вие можете, со оглед на тоа што на седница изгласувате точки со 60 пратеници, вие можете со такви ментори да работите. Но, сакам да ви укажам дека не е добро и за вас и за нас како Собрание и како држава, не е добро. Европска унија ви кажа зошто е ова вака. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пратеничката група на СДСМ спомна пауза од еден час.

Предлагам да работиме до 21,00 часот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Во салата во моментот на гласање беа 71 пратеник, гласаа 53 пратеници за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека Предлогот е приватен.

Продолжуваме после пауза од еден час.

(По паузата седницата продолжи во 18,40 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

**Минуваме на 7-та точка од дневниот ред - Предлог за поведување постапка за утврдување одговорност за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија.**

Предлогот на Владата ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Процедурално има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседател.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на СДСМ по повод оваа точка на дневниот ред - не можам да ја формулирам прецизно и тоа е една од многуте процедурални интервенции што сега имаме да ги изнесеме, меѓу другото - сака да укаже на неколку работи на непочитувањето на деловничката процедура од ова Собрание и од страна на предлагачот, Владата односно Министерството за правда и од страна на Собранието односно претседателот на Собранието. Имено, за што станува збор?

Прво, кога како пратеници го добивме материјалот на 12.09.2006 година, потпиШан од Зоран Ставрески, вице премиер на Владата, каде стои, цитирам: Предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија, тоа беше ставено на дневниот ред како една точка со оваа формулација како што читам од материјалот што го добивме сите како пратеници, за да потоа при утврдувањето на дневниот ред на оваа Четврта седница како точка број 7, значи дневниот ред утврден на 14 септември во 11,40 часот како точка број 7 стои сосема различна формулација. Имено, се вели вака: Предлог за поведување постапка за утврдување на одговорност за разрешување на Јавниот

обвинител на Република Македонија, што секако ќе се согласите, и оние што не се правници, дека тоа е голема разлика не само во терминологијата туку и во суштината.

Затоа, барам во однос на оваа прва деловничка интервенција, два одговора: едниот е од претседателот на Собранието и другиот е од Владата. Првиот, значи реков од претседателот на Собранието: Како е можно, претседателе, кога сме имале предлог на дневен ред оваа точка во материјалот од 12 септември, каде што стои Предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија, вие и покрај таквиот документ кој ни е поделен на сите, а во меѓувреме не е направена никаква измена, дополнување или интервенција од страна на Владата, вие да си го земете правото надвор од Деловникот, да констатирате на 14 септември при утврдувањето на дневниот ред дека се поведува псотапка за утврдување на одговорност за разрешување.

И веднаш второто прашање кое се надоврзува на првото, дали ова значи - до претставникот на Владата, господинот Маневски - дали ова значи ретерирање на Владата, односно промена на дневниот ред.

Пред да ми одговорите, јас да ви одговорам, дека и до колку е такво преформулирање или ретерирање, сепак и тоа ретерирање сте го направиле со процедурален упад во Деловникот и на неделовнички начин. Тоа е првата процедурална интервенција, со која генерално бараме и сакаме да знаеме од претседателот на Собранието и од господинот Маневски одговор по што денес ќе расправаме, за да знаеме како да работиме, дали е поведување постапка или разрешување, како што пишува во првичниот материјал кој не е повлечен. Значи да добиеме одговор на тоа прашање.

Втората деловничка интервенција се однесува на следното. Прашање исто така до претседателот на Собранието, кој е надлежен за точките на дневен ред и нивното предлагање на седниците, дали господинот Јавен обвинител е известен за таквата иницијатива официјално од страна на Собранието дека има точка на дневен ред, дали е повикан и дали му е дадена можност да даде одговор на образложението на Владата за разрешување, значи да се слушне и спротивната страна. Тоа, господине минситер за правда, треба добро да го знаете бидејки тоа е едно од основните правни начела, начелото на сослушување, односно да се слушне и спротивната страна. Со ова СДСМ сака да даде едно појаснување попатно дека не е бранител на персоналното решение на функцијата Јавен обвинител на Република Македонија, туку е бранител на институцијата Јавен обвинител и ќе биде жесток бранител на правниот поредок во Република Македонија и процедурата која вие ја нарушувате.

И третата процедурална интервенција, дали за ова е свикана, а очигледно не е, Комисијата за избор и именвување на Собранието на Република Македонија, која согласно Деловникот треба да заседава и да поднесе извештај до Собранието, кој ќе се расправа на пленарна седница.

Затоа, на крајот како конкретен процедурален предлог, се разбира ќе ги очекуваме и претходните два одговори, предлагаме пратеничката група на СДСМ во моментот седницата да се прекине и да се закаже седница на Комисијата за избор и именвуања, која ќе расправа по предлогот на Владата и ќе достави извештај до Собранието. Меѓутоа, до колку го прифатите тоа, што се сомневам, треба и да може да расправа Комисијата, да знае и таа Комисија по што ќе расправа како и ние овде на пленарната седница, дали е ова постапка, поведување псотапка за утврдување одговорност за разрешување, како што стои во дневниот ред, или како што стои во предлогот на Владата Предлог за разрешување, што значи без процедура, по скратена постапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Во однос на забелешките истакнати од пратеникот Кондарко, прво бидејки пратеникот Кондарко ми рече: пред да ми одговорите јас ќе ви одговорам - тоа морално апсолутно ме ослободува од било каков одговор, под пресија не одговарам, нека одговори тој. Но заради јавноста ќе кажам јас имам добра дикција, така велат, тоа ми е и занает, Предлог за поведување постапка - така пишува овде, така читам како што пишува - за утврдување одговорност за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија. Се разбира, со оваа постапка нема да се скрати комплетната процедура, затоа што разрешувањето ако дојде и ако дојде на дневен ред, пак ќе си дојде на дневен ред 10 дена после, а не сега веднаш, значи се задржува духот на законот. Значи ќе дојде 10 дена после, ништо не е набрзина. 10 дена ќе имаат време пратениците да размислат. Во законот пишува постапка па предлог, има разлика 10 дена и смислата на тој закон е во тие 10 дена, кои нема да бидат ускратени на вас сите да помислите уште еднаш за пледоајето односно оној кејс кој што ќе го изнесе минситерот Маневски дали има право или не. Имаме 10 дена, на тоа сакам да потсетам.

Второ, во однос на известувањето на Јавниот обвинител, почитуваниот господин Маневски, немаме никаква законска обврска да го известиме, уште помалку да го повикаме. Јасно е дека "аудијатур ет алтера парс " е златно правило во правото, но ова не е суд, ова е Собрание во кое се носат политички одлуки.

Тоа е што се однесува до мојот дел од одговорите за кои бев прашан.

Сега му давам збор на минситерот Маневски, зашто и тој беше прашан, да го исполни долгот да одговори, а после тоа ќе го ставам на гласање вашиот заклучок од процедуралните забелешки. Ако помине, помине. Ако не не.

Повелете господине министер.

**Михајло Маневски:** Господине претседател, дами и господа пратеници,

Во врска со поставеното прашање од пратеникот Кондарко мислам дека во случајов не се работи за никаква деловничка повреда и никаква повреда на процедурата во поднесувањето на овој предлог, затоа што е сосема јасно дека согласно членот 58 став 3 од Законот за Јавно обвинителство, Валдата на Република Македонија поднесува предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија. Мислам дека тоа е сосема јасно наведено, ако ја видите наредната одредба од членот 61 ќе видите дека предлогот за поведување на ваква постапка утврдува, а за Јавниот обвинител на Република Македонија поведува исто така Владата на Република Македонија. Мислам дека одредбите се сосема јасни и тука нема никакви процедурални прекршувања. Мислам дека предлогот што е поднесен од страна на Владата на Република Македонија е сосема основан и на Законот заснован и мислам дека Собранието треба по него да расправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, процедурално има збор пратеникот Јани Макрадули, а потоа Трјако Вељановски.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, почитуван минситер,

Ова е Деловникот за работа на Собранието (го покажува Деловникот од говорница) - ви го нема претседателот на партијата па веројатно затоа сте така опуштени. Избори и именувања на носители на јавни и други функции - член 110 од Деловникот. Член 111, член 112 - Разрешување: Одредбите на овој Деловник што се однесуваат на постапката за избор односно именување се применуваат и во постапката за разрешување. Значи со овој Деловник тоа е предвидено. Секој носител на јавна функција може да ја образложи оставката и изборот, зависно како е избран или разрешен предлогот, во рок или во траење од 15 минути. Јас знам дека парламентарното мнозинство има навики со 54 гласови да донесува одлуки. Јас знам дека ми ја земавте денес просторијата на нас и на четири пратенички групи. Ама работите против Деловникот и не е важно тука, ние не можеме да ве убедиме вас, ама тоа го велат други. Тоа го виде и Европската комисија и ви рекоа тргнете го законот, не ви чини, вака не се работи. И ова не ви чини, вака не се работи. Надвор од деловникот работите. Како да ве убедиме? Знам дека не може да ве убедиме. Јавноста ќе го цени тоа. Затоа има негативни извештаи, затоа не е лесен патот на Македонија до Европската унија. Многу се измачивме во претходните 4 години и не се прави тоа со дофрлување, со цинизам и дофрлување. Се прави со почитување на Деловникот, на законите, но пред се на Уставот на Република Македонија и сите тука сме обврзани тоа да го правиме, сакале вие тоа или не. Се додека така се однесувате, ќе добивате шлаканици од Европската комисија, како писмото што го добивме во 17,15.

Затоа, ве молам и апелирам да ја прекинеме денес работата. Не се работи до 21,00 часот за било која тема, па нема да види некој што се случува. Да работиме според Деловникот и да го почитуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Во однос на Деловникот, ова е исто така Деловник. (Го покажува Деловникот пред пратениците).

Прашувам господине Макрадули го читавте ли вие членот 111? Секој носител на јавна или друга функција што го избира или именвуа Собранието има право да поднесе оставка и може да ја образложи во траење од 15 минути. Овде не се работи за оставка, камо среќа да се работеше.

(Пратеникот Јани Макрадули дофрлува со зборовите: Членот 112 Разрешување, има иста постапка како и именвуањето).

Ама ние не го повикавме. Вие ги именувате членовите како што ги именвуате изборните единици, скокате од една до друга.

Молам, кој се јавува за збор?

Деловнички има збор пратеникот Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Почитуван претседателе, пратеникот Борис Кондарко ја повика Комисијата за прашања на избори и именвуања дека овој предлог што е од Владата треба да помине низ телото односно Комисијата за прашања на избори и именувања. Би сакал да укажам, за да не се создаде непотребна нејаснотија во јавноста, дека согласно член 106 од Уставот Јавниот обвинител го именува и разрешува Собранието за време од 6 години. Но со амандман 30 е изменето, Јавниот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија за време од 6 години со право на повторно именвуање, со тоа што предлогот за именување и разрешување на Јавниот обвинител доаѓа од Владата на Република Македонија. Значи не треба оваа точка да помине низ Комисијата за прашања на избори и именувања затоа што предлагач е Владата на Република Македонија .

Малку би го потсетил пратеникот Борис Кондарко, кој што беше пратеник во минатиот состав кога тие го разрешуваа претходниот Јавен обвинител, господинот Ставре Џиков, во тој момент и тој предлог не помина на Комисијата за избори и именвуања. Не знам како сега го менуваат ставот, но тогаш кога требаше од нивна страна да се разреши некој јавен обвинител, не помина низ Комисијата за прашања на изборите и именувањата, сега бараат да помине низ Комисијата за прашања на изборите и именувањата спротивно на Деловникот и на Уставот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам почитуван претседателе.

Процедурално, по објаснувањата што ги даде министерот за правда, мислам дека ја олесни

работата на Парламентот, бидејќи вие сте должни како претседател на Парламентот, сте одговорни за спроведување на начелото на законитост. Имајќи предвид дека Предлогот за разрешување е спротивен на Уставот и Законот, треба да констатирате дека ја започнуваме постапката за разрешување на Јавниот обвинител, го задолжуваме ресорниот министер за правда во меѓувреме да го донесе новиот закон за Јавно обвинителство. Тој е должен тоа да го направи согласно уставните амандмани од 12 декември 2005 година, да ја пополни правната празнина која е создадена, бидејќи, го потсетувам почитуваниот министер за правда дека беше должен во рок од девет месеци да го донесе Закоонт за јавно обвинителство, каде што ќе биде предвидена постапката за разрешување на Јавниот обвинител.

Во овој момент министерот за правда како најодговорен за спроведување на правото треба да биде свесен дека нема законски основ за поведување ваква постапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за правда Михајло Маневски.

**Михајло Маневски:** Морам да ви кажам дека сум многу изненаден од еден ваков предлог, заради тоа што еден ваков предлог не наоѓа ама баш никаква правна основа ниту во Уставот ниту во уставните амандмани, ниту во уставниот закон за спроведување на уставните амандмани на Уставот на Република Македонија. Ако го погледнете Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани, во членот 5 ќе видите дека до усогласувањето на уставните одредби од амандманите 24 и 30 на Уставот на Република Македонија, се применува Законот за Јавното обвинителство од 2004 година, објавен во "Службен весник на Република Македонија" број 38/2004. На ова прашање што беше поставено дека Министерството за правда прво треба да го уреди новиот закон за Јавно обвинителство, прво, почитувани пратеници сакам да ве известам за следното:

Законот за Јавното обвинителство требаше да се усогласи согласно уставните амандмани 24 и 30 во рок од девет месеци од прогласувањето на уставните амандмани. Што е направено за овие девет месеци? Бидејќи уставните амандмани се усогласени на 7 декември 2005 година тоа значи дека последниот рок за усогласување на Законот за јавното обвинителство е 7 септември 2006 година. Ве молам, дали може за пет дена едфна влада или едно Собрание да донесе два закона, еден закон за Јавно обвинителство и еден закон за Советот на јавни обвинители.

Само да ве потсетам што е направено за тие девет месеци и токму од пратеникот Бучковски кој што го покрена ова прашање како претседател и на Влада, тогаш кога ја обавуваше таа функција, заради тоа што од надлежното министерство во месец април 2006 година е формирана Комисија за подготвување на Законот за Јавното обвинителство и Законот за Совет на јавни обвинители. Тоа е комисија од девет члена од која две третини се јавни обвинители и една третина се претставници од Министерството за правда. Што направи таа комисија? Верувајте, таа комисија за девет месеци не напиша ни девет реда за овие закони. На првата седница на Комисијата, која беше закажана за подготвување на законите, претставниците од Јавното обвинителство не доаѓаат на седницата на Комисијата, односно го бојкотираат работењето на Комисијата.

Следува преписка помеѓу Министерството за правда и Јавното обвинителство односно Здружението на јавните обвинители за тоа, бидејќи Здружението на јавните обвинители бара од Министерството за правда да определи членови во Здружението, тоа е нон-сенс затоа што се знае дека согласно Уставот и законите Владата е таа, извршните органи се тие што ги подготвуваат законите, Владата е таа што ги предлага законите. Мислам дека ова што се говори очигледно е контрарепродуктивно и очигледно говори за едни состојби кои што паѓаат на терет токму на тие што овие прашања сега ги покренуваат, а кои што не успеаа во рок од 9 месеци да ги донесат овие закони.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Бучковски, бидејќи сега вас ќе ви дадам збор, би сакал само една реченица да вметнам, за да можете да ми одговорите, во интерес на времето.

Навистина сум згранет со цело почитување кон вас како професор по право вие да говорите за правни вакууми. Колку што знам јас во правото нема вакуум, претходниот закон се укинува со новиот што се донесува. Затоа што ако имаше во правото вакуум тогаш многу политички одлуки ќе се носеа и многу ќе чинеше тоа.

Повелете сега процедурално.

**Владо Бучковски:** Благодарам почитуван претседателе, јас никогаш нема да претендирам да бидам режисер како вас и да толкувам како треба да режирам некоја собраниска претстава, така што ќе се воздржам од коментар од што не знаете што е правен вакуум.

Конкретно, во случајов, во Република Македонија постои правен вакуум за разрешување на јавен обвинител. Затоа може да ја критикувате претходната влада, но претходната влада ја изгуби довербата на 5 јули. Сето се случува по 5 јули, по преземањето на власта и одговорност на вас, на владеачкото мнозинство, на министерот за правда. Министерот за правда потврди, потврди дека во овој момент имаме согласно членот 3 од Уставниот закон пропишано во рок од 9 месеци, кој за жал истече, а не пропишавме постапка за разрешување на јавниот обвинител. Во таков случај за да се посегне по поведување постапка за разрешување на јавниот обвинител ценетиот министер за правда, ако не успеала поранешната министерка за правда, треба прво да се формира нова комисија, да се направи нов закон и така во тој закон сакаат да предвидат дека странец ќе ни

биде јавен обвинител. Чуму тогаш брзање почитуван господине Маневски, чуму тогаш брзање. Зошто да бидеме повторно на столбот на срамот како вашиот обид кој за среќа беше спречен по секоја цена да го смените директорот на Агенцијата за електронски комуникации, чуму брзањето повторно да направите вакуум во правниот систем, на крајот да трпи и ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата која ја предводи Република Македонија. Затоа погледнете го, ако не го погледнувате, очигледно не го погледнувате, ќе ви го прочитам членот 3 од уставниот закон со кој е пропишано најпрво во рок од 9 месеци, кој истече на 7 септември, кога вие почитуван министре бевте министер каде што требаше да донесете нов закон за јавно обвинителство, бидејќи тој закон не е донесен, во членот 5 од Уставниот закон е предвидено дека со усогласувањето на Законот за јавно обвинителство, со уставните амандмани јавните обвинители ќе се избираат согласно со постојниот Закон за јавно обвинителство. Потенцирам, ќе се избираат, а не ќе се разрешуваат, бидејќи свесно законодавецот остави рок од 9 месеци да не се повтори во Република Македонија случајот на разрешувањето на Стеван Павлевски или на Ставре Џиков.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, сакав деловнички да интервенирам.

Деловничките спорови ги изложи господинот Кондарко и требаше по тоа да одите и да ги расчистувате. Едно беше комисијата дали треба да заседава. Се остави сега ќе имаме друг овластен предлагач, а не комисијата, комисијата не ги гледа тие работи и затоа е друг овластен предлагач. Тоа е едното прашање.

Да видите кои други прашања се што треба да се одговори и да се разјаснат едно по едно. Инаку, вака ќе се измешаат сите расудувања за правната теорија, пракса и т.н. и ќе се збркаат поимите. Ако можете да го разјасните тоа со овие што преговараат сега да се разјасни, ако не сугерирам една пауза од 15-20 минути, викнете ги координаторите, претставникот на Владата и тоа што не е расчистено да се расчисти и да седнеме да работиме овде. Тоа е сугестијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот министер бара збор.

**Михајло Маневски:** Почитувани пратеници сакам да ве уверам дека нема никаков правен вакуум и дека ме изненадува вакво толкување на Уставниот закон, заради тоа што согласно Уставниот закон во примена е до донесување на новиот закон за јавното обвинителство Законот за јавно обвинителство од 2004 година. Сакам да ми кажете една одредба од Законот за јавното обвинителство од 2004 година во која се говори за избор на јавни обвинители. Јавните обвинители никогаш не биле избирани. Јавните обвинители секогаш биле именувани. Јавниот обвинител ќе се именува и согласно новиот Уставен амандман 24 на Уставот на Република Македонија, а јавните обвинители во јавните обвинителства ќе се избираат од Советот на јавни обвинители. Значи, ние овде сега разговараме и како пратеници и како правници за толкувањето на правните норми, има законско, има логичко, има граматичко толкување и мислам дека ова што ви го говорам, ако најдете една норма од законот за јавното обвинителство која е во примена до донесување на новиот закон, заради тоа што правните норми имаат правен континуитет. Правна норма може да престане да важи само со друга правна норма. Правниот систем не познава правен вакуум и мислам дека оваа одредба од членот 5 од Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани од 24 до 30 обезбедува гаранција за правен континуитет и обезбедува услови и можности за избори и именувања и разрешување на јавен обвинител во согласност со правилата пропишани во Законот за јавното обвинителство во 2004 година. Кога ќе се донесе новиот закон потоа ќе разговараме за новите модалитети.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека од почетокот на работата на овој парламентарен состав навлеговме во прекршување на неколку процедури и се плашам дека и покрај укажувањата на пратеничката група на СДСМ тоа ќе стане пракса во работата на ова Собрание.

Имено, ние не добивме одговор зошто и покрај барањата на Владата за итна и неодложна потреба на предлогот за разрешување на јавен обвинител кој господинот Маневски го образложи на почетокот на оваа седница за точка на дневен ред наеднаш Владата ретерира и бара точката да се преименува во Предлог за покренување на постапка за утврдување на одговорност за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија и ако е толку итно, ако се во прашање само 10 дена зошто итно вечерва да работиме до 21 часот и да се изјаснуваме по оваа точка наместо да имаме нормална работа на седниците на Собранието.

Не добивме одговор зошто по секоја цена се обидува парламентарното мнозинство да го прекрши Уставот, кој што партиите од парламентарното мнозинство исто така го гласаа, а во кој што се вели дека Владата на Република Македонија ќе предлага јавен обвинител на Република Македонија по претходно мислење на Советот на јавни обвинители, кој што допрва треба да се формира. Зошто толку и се брза на Владата по секоја цена да ја започне постапката, кога и самиот министер за правда укажува дека 5 дена и биле недоволни да подготват закон за јавни обвинители, меѓутоа им биле доволни да подготват закон за измена на Законот за електронски комуникации со кои што ќе ја сменат комисијата за електронски комуникации за

подоцна да се предомислат, заради тоа што беа опоменати од европската комисија...

**Љубиша Георгиевски:** Не можете вие агендата на Владата да ја проверувате овде. Агендата на Владата е агенда на Владата.

**Славица Грковска:** Во секоја ситуација, во секоја таква ситуација да доаѓаат претставници на европската комисија и да укажуваат дека ова е упад на институциите за парламентарното мнозинство и Владата да сфати дека ја крши процедурата и врши упад во институциите, за да овозможи она што сме го направиле досега за реформи во смисла на зачленување во Европската унија да го пролонгира почетокот на преговорите за зачленување на Република Македонија во Европската унија. Јас барам да ми се одговори на овие прашања.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Половина час пауза.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи и претставникот на Владата да се договориме што ќе правиме.

(Пауза од 19,10 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 19,40 часот)

**Љубиша Георгиевски: Минуваме на точката 7- Предлог за поведување постапка за утврдување одговорност за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија**

Предлогот на Владата ви е доставен.

Отворам претрес.

Му давам збор на министерот за правда господинот Михајло Маневски. Повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, причините за овој предлог е основите на Предлогот на Владата кои ги утврди врз основа на досегашното незадоволително извршување на функцијата јавен обвинител на Република Македонија и покажаните незадоволителни резултати во справувањето со криминалот.

Сето тоа е сторено во согласност со одредбите од членот 58 став 1, точка 6 и став 3 од Законот за јавното обвинителство кој е во согласност со Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани и кој е во сила.

Јавниот обвинител на Република Македонија во системот има клучна улога и положба во гонењето на сторителите на кривични дела.

Во согласност со членот 5 од Законот за јавното обвинителство, Јавното обвинителство се организира според принципот на хиерархија и субординација. На врвот на таа пирамида на хиерархија и субординација е јавниот обвинител, кој согласно членот 5 од Законот за јавното обвинителство, Јавното обвинителство функциите е должно да ги извршува законски, непристрасно и објективно, да ги почитува и заштитува човековите права и основни слободи и да се грижи кривично-правниот систем да функционира ефикасно и навремено.

Дали во Република Македонија кривично-правниот систем функционира ефикасно и навремено? Мислам дека ќе се согласите дека одговорот на ова прашање апсолутно, неможе да биде позитивно.

Во изминатиот период, господинот Прчевски кој веќе четвртта година ја обавува функцијата јавен обвинител, бидејќи е именуван на функцијата во јануари 2003 година, не превземаше соодветни мерки и активности, кои согласно Уставот и законите на Република Македонија во врска со гонењето на сторителите на кривични дела беќе должен да ги превземе.

Она што е особено значајно, тоа се однесуваше на крајно неповолните активности и резултати во спроведувањето со корупцијата и кривичното гонење на сериозни случаи на корупција и организиран криминал, особено во време кога се очекуваше далеку поголема ефикасност во справувањето и на превентивен и на репресивен план од ова големо општествено зло во Република Македонија.

На јавноста и е добро познато дека од повеќето откриени случаи и тоа многу тешки случаи на корупција, случаи со исклучително големи последици и последици од големи размери, скоро и да нема случај кој што има успешна завршница.

Според истражувањата и перцепцијата на корупцијата на "Транспаренси интернешенел", Република Македонија во 2005 година, во однос на рангирањето во 2004 година, кога беше рангирана од 148 земји во светот, на 97 место, во 2005 година, рангирањето на Република Македонија е на 103 место. Тоа е некаде во третата третина, каде што секако, се наоѓа во друштво со одредени држави, каде што корупцијата има исклучително големо ниво, меѓутоа, во споредба со другите држави во регионот, секако, Република Македонија, освен една држава, која што се наоѓа после Република Македонија, сите се наоѓаат пред местото кое што е утврдно 103-то во перцепцијата на корупцијата на утврдени норми и стандарди во оваа институција.

Она што е значајно и што се однесува на функционирањето на Јавното обвинителство, особено организираниот криминал и корупцијата, мислам дека доста случаи на јавноста и се познати. Бачилото, поимот бачило, веќе стана синоним на корупција. Бачило 1, бачило 2, бачило 3, бачило 4, или незнам колку бачила.

Мислам дека случаи кои се откриени во практиката во последните години, кои што имаат последица за оштетување на државните средства од неколку стотини, или над милион евра, со тешка повреда на законите утврдено и во постапка, што е спроведувана од Врховниот суд на Република Македонија, случаи на денационализација на градежно неизградено земјиште во центарот на Град Скопје, некаде 8 до

10.000 метра и 13.000 метра во општината Кисела Вода, со едно единствено решение кое е донесено спротивно на Законот. Ако беше донесено во согласност со Законот, немаше тие три решенија , откако Државната комисија за спречување на корупцијата ја покрена таа иницијатива да бидат поништени во еден ист ден и тоа последниот ден од работата на надлежната Комисија на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи од областа на денационализацијата.

Кои се случаите кои што се откриваат? Значи се организира одредена група што е составена од претставници во власта, од владината комисија, од Катастарот, нотари, други мешетари и писари, кои што длабоко навлегле во касата на државните средства на граѓаните кои што ги издвојуваат од џебот да го полнат државниот Буџет. Очигледно е тие средства како се одлеваат.

Она што мислам дека е значајно и во она време со кое се среќаваме, тоа е оној урбан криминал, за кој што верувам стотици граѓани денес се изложени, со тешки маки да ги надоместат евентуалхно изгубените средства, еве, свеж случај е "Фиком" со онаа афера што е покрената или случајот со уништувањето на Градскиот парк, каде што од една проектирана подземна гаража, се еволуираше во хотел за спортисти и на крајот стана една огромна станбена зграда во паркот која што претставува една исклучитгелна сложена и тешка ситуација.

Зошто ви ги говорам овие случаи? Ви ги говорам сите овие случаи затоа што десетитици други се наоѓаат во канцеларијата на јавниот обвинител, како иницијативи за поведување на казнена постапка према сторителите кои што ги повредиле законите и сториле определени казниви дела.

Меѓутоа, уште еднаш да повторам дали можете да посочите некои од овие случаи кои што имаат успешна завршница во процесуирањето, или да не говорам за определени резултати.

Она што на Република Македонија посебно и се замерува, она што посебно и се укажува, тоа е дека кога се констатираат определени околности на справувањето со криминалот, се екипираат институции, се создаваат законски можности, меѓутоа, кога треба да се сумираат резултатите, секако дека ние тука ја бележиме најслабата страна и секако дека на тој начин во натамошниот период не може да се продолжи.

Како може да застаре кривична пријава за над 120 милиони денари за одговорни лица во поранешната организација Кожарски комбинат "Годел" пет години по таа кривична пријава да не се постапи, за над два милиони евра. Или други случаи за јавни набавки без тендер, непосредни спогодби и тн., што сето минуваше покрај Јавниот обвинител, а тој тоа не го гледаше, или не саскаше да го види.

Мислам дека состојбите со извршувањето на функцијата на Јавниот обвинител очигледно, се незадоволителни, нема резултати од неговото работење, а секако дека и во постапувањето на Јавниот обвинител господинот Александар Прчевски се забележуваат определени субјекти или слабости, селектиран приод во вршење на работите, сериозниот криминал и корупцијата беа занемарувани, со нагласување на претерани објективни тешкотии, а со занемарување, или со изнесување дека нема наводно, законски можности, иако ќе беше многу подобро и таквите законски можностси што му ги пружаат законите ги користеше, секако, дека резултатите ќе беа подобри.

Мислам дека познати се неговите изјави дека се чека, дека се проверува, дека се истражува, дека не може преку ноќ и се во тој стил објективни тешкотии и тн., меѓутоа, секако дека веќе и од она што е мошне често забележувано и укажувано и од меѓународните организации, меѓутоа, и од домашната јавност и од домашните стручни институции и органи, очигледно е дека функциите на оваа институција не се извршуваат ниту доволно стручно, ниту има постигнато задоволителни резултати во функцијата.

Едно прашање кое не е од помало значење, тоа е соработката и кординацијата на активностите на Јавниот правобранител на Република Македонија со институции во системот. Тоа прашање мислам дека е доста поставувано и неколку пати тоа е поставувано и од претставниците на меѓународни организации, каде што во извештаите се поставува прашањето да се воспостави соработка, тоа прашање за соработка е прашање на волја , прашањето за соработка е прашање на обврска, која поизлегува од Уставот и законите.

Кога веќе спомнувам соработка, мислам дека не тоа прашање само за Комисијата за спречување на корупцијата, туку е прашање на таа недоволна соработка на јавниот обвинител и со другите органи. А фунцијата на јавниот обвинител, пред се, подразбира мобилизирање на сите чинители во системот, на институциите на системот. Тој стои на врвот на пирамидата, тој ги диктира односите, тој ја покренува таа постапка и тој е одговорен за тоа функционирање на кривично-правниот систем.

Исто така мислам дека јавниот обвинител со лични етикетирања го загрози интегритетот на институцијата која ја раководи, што секако влијаеше на општото мислење во јавноста за неговото несовесно и нестручно вршење на функцијата и на недоверба во институциите на системот. Тоа за жал, има свој одраз и во вршењето на функцијата на подрачните јавни обвинителства.

Со ваквиот начин на постапување, тој овозможи ослабување на капацитетите на институциите, надлежни за справување со организираниот криминал и корупцијата. Секако, на крајот, би сакал да кажам и тоа дека господинот јавен обвинител Александар Прчевски, со своето нестручно работење и покажаните незадоволителни резултати, како јавен обвинтел

ја донесе Република Македонија, наместо успешно да се бори со корупцијата и оргинизираниот криминал, покрај другото да стане и заложник на еден ирационален однос, кој што не дава никакви резултати.

Владата на Република Македонија е цврсто определена да води бескомпромисна и ефикасна битка против оргинизираниот криминал и корупцијата.

Владата на Република Македонија ќе ги превземе сите средства, колку е можно повеќе да се спречи, граѓаните да бидат жртви на корупцијата, да се одлеваат државни средства во приватни џебови, заради тоа што, очигледно е дека, не само што справувањето со корупцијата е една од главните пречки на кои ни се укажува постојано на патот кон Европа, туку пред се, заради граѓаните на Република Македонија да живеат во држава во која што ќе владее правото и законите.

Оттаму, почитувани пратеници, ве молам да го прифатите предлогот, бидејќи јавниот обвинител на Република Македонија за Владата на Република Македонија нема доверба дека може да одговори на извршувањето на овие функции, токму така како што пропишуваат Уставот и законите. Ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски** : Ви благодарам министре Маневски.

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каровска.

**Роза Топузова-Каровска:** Благодарам претседателе.

Имам процедурално. Со оглед на тоа дека во Експозето на господинот министер за правда беа изнесени многу податоци, кои што битно се разликуваат, од она што ни беше доставено како образложение, при предлогот за разрешување од функцијата на јавниот обвинител на Република Македонија, согласно Деловникот, односно член 79 од Деловникот, барам пауза од имато на Пратеничката група на ЛДП, еден час. За тоа време да ни биде поделено Експозето, за да можеме понатаму да учествуваме конструктивно во дискусијата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Имам подобра идеја, паузата да биде до утре до 11,00 часот, за да имате уште подобро време, да ги видите тие записници комплетно.

Сега прекинуваме, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,00 часот).